СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јануари 1998 година

Скопје, јануари 1998 година

**ОСУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (84) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 21 ЈАНУАРИ 1998 ГОДИНА**

Дневен ред:

Т.1(верификација на Арбен ЏАфери)-стр.26
Т.2(пр.на з,за употреба на мак.јазик)-стр.56


1. АБДИ ФАИК 46, 51
2.АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ 66
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (министер за сообраќај и врски) 3, 7, 14, 19
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ 54
5, ИНГИЛИЗОВА РИСТЕВСКА ЛИЛЈАНА (претседател на Републичката (Државна) Изборна комисија) 39, 44
6. КАРОВ ИЛИЈА 1
7. КАДРИУ ЗЕКИР 31
8. МЕШКОВ ЉУПЧО 25
9. НАУМОВСКИ ВАНЕ 7
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 17, 19, 21
11. ПЕТКОВСКИ ИТО (ја води седн.) 1, 2, 3, 4, 7
12. ПУРДЕ НАЏИ 53
13. РАМАДАНИ САЛИ 15, 35
14. РАМАДАНИ ХИСЕН 52, 76
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ 58
16. СТРЕЗОВСКИ ЃОРЃИ (секретар – по именично гласање) 21
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 26, 28, 32, 33, 44, 50, 60, 73
18. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА 79
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО 12, 14
20. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 61, 65
21. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 69
22. ТУДА РАМИ 82, 86
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 4, 33, 34
24. ШАЌИРИ ХИСНИ 70, 71


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јануари 1998 година

Седницата се одржа во салата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Панче Насев ме извести дека од оправдани причини не во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија,претседателот на Републичката Државна изборна комисија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од Седумдесет и првата, Седумдесет и деветтата и Осумдесет и третата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

На Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија поставив пет прашања и би сакал да укажам дека во третото прашање е направена една мала грешка, имено, на 51-та страница, третото прашање стои во записникот во Кочани живеат над 1500 жители

кои над 500 се изјасниле како нови, а над 500 граѓани се изјасниле како турци,а треба да стои живеат над 1500 жители кои на последниот попис се изјасниле како роми. Тоа е грешката која сакам да биде исправена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам ова интервенција на господинот Каров се прифаќа.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, јас имам една принципиелна забелешка во врска со записниците, доколку се потсетиме кога се одржани овие седници за кои сега ги разгледуваме записниците ќе сватиме дека разгледуваме записници за седници од пред 4 до 5 месеци. Јас барам и предлагам Собранието да изнајде начин а ние како пратеници да ги добиваме тие записници многу побрзо по завршувањето на седницата а не на овој начин бидејќи поради долгото време се заборава некој што кажал и како кажал и евентуалните корекции се многу потешки во записниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира немам причина да не ја прифатам оваа забелешка на господинот Видимче, под еден услов седниците да ги завршуваме за ден или два, а не за месец дена, како што ги пролонгираме некои точки од седниците.

Молам дали некој пратеник има забелешка на записниците?(Не)

Со забелешката на господинот Каров, констатирам дека записниците од Седумдесет и првата,Седумдесет и деветтата и Осумдесет и третата седница на Собранието се усвоени.

Согласно член 59 став 1 точка 5 од Законот за избор на пратеници, Собранието утврдува дека на пратеникот Тодосија Паунов му престана мандатот пред истекот на времето за кое е избран.

I/3.-

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе барање Владата на Република Македонија да поднесе информација во врска со промената на седиштето на општината Долнени и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија до денес од Владата ваква информација не е пристигната.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата прифаќа изработка на таква информација за наредната седница на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи господинот Стојановски не е тука, дали ќе го прифати овој одговор на претставникот на Владата, во секој случај јас имам деловничка одредба да го ставам овој предлог на гласање.

Кој е за предлогот на господинот Стојановски, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија, предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот на декларацијата против тероризмот во Република Македонија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (1)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага предлогот на дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга, Предлог на

одлука за изменување на Одлуката за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола, и Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршеше на пратеничката функција.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Кој е за Предлогот на Комисијата молам да крене рака?

Господинот Џафероски, процедурално.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлог одлуката за изменување на висината на надоместокот за вршење на пратнеичката функција ја повлекувам од дневен ред, не заради тоа што имаше шпекулативни пишувања во дневниот печат, туку заради тоа што група-пратеници од Комисијата за избори и именувања припремаа закон за пратеници со кои се регулира статусот на пратениците генерално во кое нешто ќе се регулира и овој надоместок. Од тие причини се повлекува оваа точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие сте предлагач и имате право да го повлечете предлогот.

За останатите предлози, молам, кој е за да бидат уврстени во предлогот на дневниот ред молам да крене рака?(75 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Не)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за испорака на нафта од Руската Федерација на Република Македонија, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија побара предлогот на законот за македонски железници да не се разгледува на оваа седница, туку да се разгледа на наредната седница на Собранието.

Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет предлага поради дополнителни стручни консултации со одделни професионални структури да се одложи од оваа седница Предлогот на закон за употреба на македонскиот јазик'.'

Кој е за предлогот молам, да крене рака? (11 пратеници)

Дали има некој против? (33 пратеници)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлозите на одлуки за избор на членови на управните одбори на јавните здравствени организации Медицински центар Тетово, Градска аптека "7 Ноември" - Гевгелија, Специјална детска болница - Охрид, Завод за здравствена заштита Куманово, Медицински центар - Струга, Аптека "9 Ноември" - Велес, Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево, Здравствен дом Крушево и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје-Клиника за хируршки болести.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

(77 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на

I/6.-

Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом Свети Николе.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (73)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај не невработеност, со Предлог на закон да се одложи од оваа седница и да се разгледа на наредната седница.

Го молам предлагачот на овој закон, господинот Панчо Минов да се произнесе.

Бидејќи господинот Минов не е тука, кој е за предлогот на Владата молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (6 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Александар Ивановски, Благој Стојковски, Слободан Богдановски, Персида Малинска, Драгољуб Поповиќ, Драган Митевсхи и Бранко Арсовски, поднесоа барање Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави информација за состојбите и проблемите на стечајните работници, трудови инвалиди во Република Македонија и таа да биде разгледана на денешната седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прифаќаме изработка на таква информација, меѓутоа, не за денешната седница, со оглед на тоа што во владина процедура не е донесена активноста околу таа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали предлагачите се согласуваат? (Се согласуваат)

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Би замолил почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлогот на закон за склучување ратификации и извршување на меѓународни договори кое што е во содржината на работата на денешната седница, да се разгледува во текот на утрешниот ден, со оглед на тоа што денеска претставникот на Владата министерот за надворешни работи, господинот Ханџиски е со претседателот Глигоров во службена посета на Словенија. Со оглед на тоа би замолил оваа точка да се помести малку поназад.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, предлогот го прифаќам, бидејќи се работи за редоследот на разгледувањето, таа е за денешната седница, меѓутоа да се овозможат услови претставникот на Владата да биде присутен, со оглед на фактот што министерот за надворешни работи нема ниту заменик.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван потрпетседателе, почитувани колеги, 21-ва точка на дневен ред е Предлог на законот за измена на Законот од данокот на добивка. Со оглед на времето кои што го разгледуваме законот, а 21 јануари е време за поднесување на годишните сметки по однос на законот и целта со кој сакав да ја постигнам кај стопанските субјекти за намалување на основицата за добивката од данокот

доколку истиот а беше предложен во месец декември се донесеше во таа фаза и да бидат сега опфатени и да даде позитивни ефекти, тоа е пробиено фактички, без разлика на мислењето на Владата кое е различно, за разлика од мојот предлог, предлагам оваа точка од дневниот ред да се симне, истата ќе биде подоцна поднесена,со надеж дека Владата ќе ми помогне во сета моја идеа што е содржана во овој закон целосно да биде опфатена и покомплексно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има некој друг околу дневниот ред? (Нема)

Значи дневниот ред според денешните интервенции би изгледал вака:

1. Предлог за верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија,

2. Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик,

3. Предлог на закон за склучување ратификација и извршување на меѓународни договори,

4. Предлог на закон за заштита на топографија на интегрални кола,

5. Предлог на закон за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно - трговскиот промет,

6. Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие Македонска Радио Телевизија со Предлог на закон,

7. Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие за пренос и емитување на радио телевизиски програми, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за платен промет, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот аз фондовите за заеднички резерви, со Предлог на законот,

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнува-сење на Законот за акцизите со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за национална класификација на дејностите, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Феде-рација за економска и техничка соработка во областа на енергетиката, сообраќајот и врските, водостопанството и земјоделието, и во сферата на нестопанските дејности, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за поттикнување и заемна заштита на инвестиции со Предлог на закон,

II/1/CC/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

16. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот од капитал, со Предлог на закон,

17. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската федерација за меѓународен патен сообраќај, со Предлог на закон.

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научно - технолошка соработка помеѓу Македонската влада и Владата на Украина со Предлог на закон.

19. - Предлог за донесување на закон за културата.

20 . - Предлог за донесување на закон за залог на подвижни ствари и права.

21. - Предлог на декларација против тероризмот во Република Македонија,

22 - Барање за автентично толкување на членот 32 став 2, точка 1 и 2 од Законот за царини, поднесено од Акционерското друштво "Технички гасови" - Скопје.

23. Барање за давање автентично толкување на член 17 став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа, поднесено од градоначалникот на општина Зелениково.

24. Предлог за разрешување судија на Основниот суд во Гевгелија,

25. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија,

II/2.-

26. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга,

27. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола,

28. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Медицински центар" - Тетово,

29. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација аптека "7 Ноември" - Гевгелија

30. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Специјална детска болница"-Охрид,

31. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Куманово,

32. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Струга,

33. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација аптека "9 Ноември" - Велес,

34. - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево,

36. - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево

36. - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде" - Клиника за хируршки болести,

37. - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Јас, од областа на селските маки денеска од Владата ќе побарам две информации да ги подготви и да се гледаат на една од наредниве седници:

Прво, информацијата се однесува за исплата на шеќерната репка,
а,

второ, за текот на откупот и исплатата на тутунот од ланското производство.

1. Пред три месеци, односно во еконот на бербата на шеќерната репа и производството на македонскиот шеќер, побарав Владата на Република Македонија да подготви информација за состојбите со производството на овој, з а нас стратешки производ. Барав, дали во екот на производството на домашниот шеќер со оглед на тоа што за домашниот шеќер нема пласман се увезува шеќер од другите соседни држави. И дали со тој увоз се замешани Македонските стокови резерви.

Сите добро знаете дека без пласман на домашниот шеќер фабриката за шеќер од Битола нема никакви шанси да го плати ланското производство на шеќерна репка. Оваа информација до денеска Владата не ја подготви.

Токму затоа, г-да патеници, барам, бидејќи наскоро ќе почне седиба на новото производство на шеќерна репка, а ланското производство на шеќерна репа сеуште не е платено, сеуште не е

исплатено, Владата на РМ, да побрза со подготвување на оваа информација, со цел да се смират страстите кај земјоделците кои и по 100 дена од предавањето на шеќерната репа сеуште не го имаат добиено она што го заработиле во текот на годината.

Господо, и тие земјоделци што поминаа една година на нивите на кои се произведуваше оваа култура имаат право на живот, а не денеска се оставени како стечајни работници. Односно, бетер од стечајни работници, затоа што немаат од каде да бараат социјална помош.

Значи, барам, оваа информација да биде подготвена за една од наредните седници.

Имам сознанија дека во Македонија се увезува шеќер и не се плаќа царина и прелевмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Тантаров, се извинувам што ве прекинувам.

За наредната седница доставете го предлогот до мене јас ќе го доставам до Владата, па ќе добиете информација. Вие предлагате за дневен ред за една од наредните седници

Јас побарав кој пратеник има предлог за дополнување на дневниот ред за денешнава седница.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине претседателе, нема да биде лошо ако нашава добра Влада има добро мислење денеска да каже какви се состојбите со увозот на шеќер. Можеме да разговараме и денеска за овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е друго прашање. Така формулирајте го прашањето и ќе бараме од Владата.

II/5.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Ќе го преформулирам, денеска да се расправа за ова тешко прашаше за Битола, не само за Битола, туку за сите македонски производители на шеќер што ги има околу две илјади низ целата држава.

Второто прашање се однесува на откупот на тутунот во нашава држава што е во ек. Годинава, оваа најзначајна операција од примарното производство на тутун во нашава држава се изведува според новиот Закон за тутун што го донесовме во текот на минатата година.

Со оглед на тоа што мојата пратеничка функција излегува од Пелагонија, најголемиот тутунски басен во нашава држава, барам Владата на Република Македонија за оваа седница на Собранието на Република Македонија да подготви опширна информација за текот на оваа тутунарска операција што има витално значење за околу 200 илјади жители од нашава држава. На овој план ќе биде добро да се презентираат податоци за откупната цена на тутунот, за неговата исплата и за се она што денеска се случува со и изигрување на Законот од страна на некои претпријатија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Влдата да се произнесе по овој предлог.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што г-динот пратеник има одредени сознанија што се во шеврата на сознанијата, за да добие прецизна информација Владата прифаќа да изготви информација за откуп на шеќерната репка и прифаќа дека таа информација малку по опширно да ја изготви со оглед на сите мерки што во вид на еден пакет во рамки на активности на Владата беа преземани токму за ревитализација на фабриката за производство на шеќер. А, тие мерки не беа ни така лесни ни по

II/6.-

бројност мали, затоа што ценевме дека на тој начин, преку можноста да се откупува шеќерната репка ќе имаме повратно позитивно влијание во проширување на површините на кои што во иднина ќе се засејува шеќерна репа. Тоа за наредната седница.

За втората информација што се бара, и самиот пратеник спомна дека активностите се во тек. Откупот на тутунот започна на 1 јануари о.г.

Прифаќаме изработка и на таква информација, за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Претпоставувам дека се согласувате г-дине Тантаров? (Да). Благодарам.

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска, бидејќи не беше прифатен предлогот за симнување од дневниот ред на Предлог-законот за употреба на македонскиот јазик, предлагам овој наслов на овој закон што се предлага да се преформулира како предлог-закон за употребата на јазиците во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, се извинувам, за тоа, можете да учествувате во расправата кога ќе отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон и овие сугестии можете тогаш да ги дадете.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да, но барам оваа точка, да не биде вака. Имам право да се промени веднаш, ако се може. Затоа што е поекономично, поефикасно и во согласност со Уставот на Република Македонија и меѓународните правни норми за потполна рамноправност без дискриминација тоа е првиот предлог.

II/7.-

Втор предлог, додека Предлогот за донесување на закон за основање јавно претпријатие за пренос и емитување на радио-дифузни програми, со Предлог на закон е општ и добар наслов, како наслов, како предлог, како закон, како содржина, тоа е друга работа.

Во таа смисла предлагам, прво, да се симне точката од дневниот ред, - Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија со Предлог на закон.

Или пак, да се и оваа точка и овој предлог на закон да се преформулира во Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие на радио и телевизија на Република Македонија.

Тоа се знае, затоа што придавката "Македонска, македонско, македонски", итн., од јазична гледна точка од лингвистичка, лингвистички правила и норми, можеби и они кои не знаат албански тоа не го знаат и затоа овие грешки ни се повторуваат, е голема навреда за албанците и за албанскиот јазик. додека употребата во генитив, тоа значи радио-телевизија на Македонија итн., да не повторувам колку беше за тоа зборувано порано, македонците и Македонија ништо не гу бат. Додека албанците и албанскиот јазик губат и те како многу.

Затоа, еднаш засекогаш овој проблем да се расчисти. Ако сакате да има и еден голем дел, една голема популација во Македонија задоволство. затоа што, самиот адитив, придавка "македонско, македонски" и тоа е навреда затоа што се мисли, може би несвесно, дека албанците се дел од македонскиот народ. Значи, му припаѓаат на тој народ, на таа нација што сите знаете дека тоа не е така и така не може да биде.

Затоа ве молам, и во ваша полза, во ползата на владеачката партија на оваа Влада е да се расчисти не само по овој повод, туку еднаш за секогаш ако не се симне, во случај на првиот предлог, тогаш да се подготвам подобро во таа смисла, мислам текстот, содржински, барем тоа што не губиме ништо, да се преформулира. И таа телевизија,

така беше кога беше радио-дифузната дејност, Законот, знаи грешката ни се повторува. Јас сакам и на овој начин да го дадам мојот придонес за една исправка што во прв ред е граматичка, лингвистичка, но е и политичка итн.,

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Првиот предлог на г-дин Рамадани значи амандман на насловот на Законот, на точката 2 - Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик.

Но, бидејќи инсистира г-динот Рамадани, јас тој предлог го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог на г-дин Сали Рамадани точката- 6. - Предлог за донесување на закон за основање на јавно претпријатие македонска радио и телевизија, со Предлог на закон да се симнне од дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Што се однесува до вториот дел од предлогот, мислам дека кога ќе ја отвориме расправата по точката 6, г-динот Сали Рамадани тој предлог може да го изнесе.

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа,

Предлагам дневниот ред од денешнава седница да се дополни со две точки како точка 38 и точка 39, последни во дневниот ред, за да има одовоно време да се подготват точките. Се работи за следното:

II/9.-

Предлагам точка 38 од дневниот ред да биде - Информација за спроведување на член 3 став 5 од Законот за обезбедуваше средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, или тн. од Закон за ТАТ, Лавци, и Алфа-с.

Само накратко би образложил следно, во членот 3, став 5 од овој закон се вели дека средствата од став 1, се мисли на средства во износ од 540 милиони денари, на овој член, се исплатуваат во еднакви месечни рати и секое семејно домаќинство, најмногу до 13500 денари, во периодот до завршувањето на стечајната постапка, но не подолго од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Законот е донесен на 23 јули односно објавен е во службен весник од 23 јули 1993 година, број 35.

Согласно одредбите од член 3, став 5 на овој закон, Законот влезе во сила на 1 август, што значи на 1 февруари треба да заврши исплатата на шестата рата на граѓаните кои имаат право на примање парични средства на овој закон.

Досегашната состојба е таква што се исплатени три рати на граѓаните кои имаат право на парични средства по овој Закон, а остану-ваат уште 9 дена до целосно исполнување на Законската одредба од овој Закон.

Затоа сметам дека Владата на Република Македонија ќе може како точка 38 да ни даде информација што и како ќе преземе, кои актив- ности ќе ги преземе во однос на исполнување на овој член од законот или пак предвидува измена и дополнување на постојниот Закон, бидејќи во спротивност ќе имаме кршење на законот од страна на Владата на Република Македонија.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

Како 39-та точка предлагам уште една информација изготвена од Владата на РМ и тоа - Информација за досегашните активности на Владата на РМ за спроведување на Заклучокот на Собранието на РМ од седницата одржана на јули 1997 година, а кој се однесува на преземањето на стечајната маса од штедилницата ТАТ од страна на Владата на РМ.

Сметам дека оваа Информација Владата на РМ може за кратко време да ја изготви со оглед на тоа што и седницата и самите знаете дека нема да заврши во овие два дена. Затоа предлагам да биде како последна точка, од причини што доколку Владата преземала било какви активности за спроведување на Заклучокот што го донесоа пратениците на ова Собрание не ќе и биде тешко тоа за кратко време да го направи.

Затоа предлагам, со оглед на тоа што се работи за две информации кои што не бараат некое посебно време за изготвување, Владата на РМ да прифати како 38 и 39-та точка да бидат овие две барања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овие предлози на г-динот Најдвоски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не би се догласил со тоа дека овие инфорамции не бараат многу време. Можеби првата бара помалку време, мегутоа втората

информација што се бара и време за соодветна сондажа на сите субјекти кои што се во врска со содржината на Заклучокот и кои што како активност треба Владата да ги обедини.

Прифаќам да се изработи Информација за спроведување на член 3 од Законот и тоа се надевам дека ќе успееме за работата на оваа седница да ја дадеме како Информација, а за второто барање Информација во оваа прилика не прифаќаме, нека користи друга прилика пратеникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам бидејќи претставникот на Владата прифати Информацијата да биде изготвена за оваа седница, јас сакам овој предлог сакам да го ставам на гласање и оваа информација да влезе во дневниот ред.

Кој е за, предлогот на г-динот Најдовски, молам да крене рака?

34 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (9)

Владата: ќе изготви информација, но Собранието одлучува дали Информацијата ќе биде ставена на дневен ред да се разгледува или не.

Кој се воздржува од гласање?

(19 пратеника се воздржуваат од гласање).

Констатирам дека предлогот не е усвоен. г-динот Најдвоски бара деловничка интервенција.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо,

Во земјите со развиена демократија оваа автоматски значи изгласување на недоверба на Владата од страна на партијата која што ја избра Владата.

(реагирање на пратениците)

Тоа е по мое мислење, затоа што Владата прифати да се изготви информација и да се постави на дневен ред на денешната седница, но партијата односно пратеничката група која што ја поддржува Владата не го прифати тој предлог на Владата.

Сепак, јас се сомневам во броењето на гласовите, имаше повеќе од она што беше утврдено и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање доколку се согласите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлогот има поддршка од 10 пратеници?

Има поддршка од 10 пратеници и го молам секретарот да помина на поединечно гласање.

Инаку, во врска со првиот дел, Владата изготвува многу информации и ги доставува до пратениците, а Собрнаието е тоа што одлучува што ќе биде на дневен ред а на Владата.

ЃОРЃИ СТРЕЗОСКИ:

1. ФАИК АБДИ - воздржан

2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА - за

III/4.-

3. АБДУРАХМАН АЛИТИ - не е тука
4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ — воздржан
5. СТОЈАН АНДОВ - не е тука
6. БРАНКО АРСОВСКИ - воздржан
7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ - не е тука
8. АМДИ БАЈРАМ - не е тука
9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ - не е тука
10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ - не е тука
11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ - не е тука
12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ- против
13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ- не е тука
14. ИВАН БОЈКОВ - против
15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ - воздржан
16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ - против
17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ - не е тука
18. КИРЕ ВИДИМЧЕ — за
19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ - против
20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - воздржан
21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ - воздржан
22. ТУШЕ ГОШЕВ - против
23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ - против
24. САНДЕ ДАВЧЕВ - за
25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ- за
26. ЛАЗАР ДИМОВ - не е тука
27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ - против
28. САМИ ИБРАИМИ - за
29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ — воздржан
30. МИРКО ИВАНОВ - воздржан
31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ ' - против
32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука
33.МИТКО ИЛИЈЕВСКИ - против
34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ - против
35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ - за
36. ЗЕЌИР КАДРИУ - за

III/5.-

| | | |
|---|---|---|
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | - | против |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | - | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | - | против |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | - | против |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | - | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | - | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | - | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | - | против |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | - | за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | - | против |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | - | воздржан |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | - | за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | - | воздржан |
| 51. РИСТО МАСЕВ | - | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | - | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | - | воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | - | не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | - | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | - | против |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | - | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - | не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | - | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | - | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | - | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | - | против |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | - | воздржан |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | - | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | - | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | - | не е тука |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - | против |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | - | не е тука |
| 70. БОРИС ПАВЛОВ | - | против |
| 71. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - | против |
| 72. МИРКО ПЕЦОВ | - | за |

III/6.-

| | | |
|---|---|---|
| 73. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | - | против |
| 74 . ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | - | не е тука |
| 75. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - | воздржан |
| 76. НИКОЛА-Г-ПОПОВСКИ | - | против |
| 77. НИКОЛА-Р-ПОПОВСКИ | - | против |
| 78. АБДУРАУФ ПРУСИ | - | за |
| 79. НАЏИ ПУРДЕ | - | за |
| 80. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - | за |
| 81. САЛИ РАМАДАНИ | - | за |
| 82. ХИСЕН РАМАДАНИ | - | за |
| 83. МИТКО РИСТЕВСКИ | - | воздржан |
| 84. НАНО РУЖИН | - | против |
| 85. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | - | против |
| 86. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - | за |
| 87. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | - | за |
| 88. КИРИЛ СПАСОВСКИ | - | против |
| 89. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | - | воздржан |
| 90. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | - | за |
| 91. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - | не е тука |
| 92. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | - | против |
| 93. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - | за |
| 94. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | - | за |
| 95. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | - | против |
| 96. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | - | против |
| 97. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | - | не е тука |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | - | не е тука |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | - | за |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - | не е тука |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | - | за |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | - | за |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - | против |
| 104. МИЛЧОТРАЈКОВ | - | против |
| 105. РИСТОТРАЈКОВ | - | воздржан |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | - | воздржан |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - | за |
| 108. РАМИ ТУДА | - | за |

| | | |
|---|---|---|
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | - | воздржан |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | - | не е тука |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | - | за |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | - | против |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | - | за |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | - | не е тука |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | - | против |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - | за |
| 117. ЗОРАН ШАПУРИЌ | - | за |

Има некој непрозиван? (не)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Мешков бара процедурално.

**ЉУПЛО МЕШКОВ:**

Почиутван претседател, почитувани колеги колку што забележав во гласањето присуствуваше и пратеникот Димче Настоски. Колку мене ми е познато тој даде оставка и би го прашал г-динот претседател дали е деловнички исправно тој да гласа и да се рачуна неговиот глас во поединечното гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Настески вчера ја повлече оставката, и според тоа деловнички е дозволено да гласа.

Вкупно гласале 88 пратеника, од кои "за"  36; против 34 а воздржани 18.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање вториот предлог на г-дин Најдовски, кој што претставникот на Владата не го прифати.

Кој е за предлогот, молам да крене за? (19 пратеника гласаа за)

Дали има некој против (43 пратеници се против)

Кој се воздржува од гласање? (6 пратеника)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред? (не)

Ве молам кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (62 пратеника гласаа за)

Дали има некој против? (11 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог за верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Републичката (Државната) изборна комисија и на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Томсилав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Јас верификацијата на овој мандат ќе оспорам од два ефекта.

Едниот аспект е политички, а вториот аспект е материјална повреда на Изборната процедура и воопшто изборите со слангантен фалсификат. Ќе се обидам да ги објаснам едниот и другиот аспект.

Не навлегувајќи во моралниот аспект, што значи потценување на овој Парламентарен дом, што значи игнорирање на институциите на системот, што значи иритирање на целокупната јавност нетипично за лидер на една партија да се практично предизвикува овој Парламент кој што согласно Уставот му го одзеде мандатот на овој пратеник

По второто кандидирање - личен чин и лична одлука на Арбен Џафери за кои што не сакам воопшто да дискутирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**(продолжение)

Меѓутоа, прашањето на неговото однесување во подолг период како лидер на партија кој што отворено во повеќе наврати со своите активности се насочува политички против Уставот и законите на оваа држава, против македонскиот народ кој што го нарекува митски народ, а тоа значи живее во митска држава, значи се кандидира за пратеник во митски парламент на кој што не доаѓа две ипол години се доволно аргументи да овој мандат не можам да го прифатам. Изјавите при и после настаните во Гостивар и Тетово дека неговата вина како лидер на партија е дури поголема и од прво оптужениот во тие настани градоначалникот на Гостивар, затоа што Џафери е лидер на партија, а Руфи Османи спроведувал одлуки, ставови, програмски определби и платформи на партијата што значи дека самиот јавно изјави дека тој треба да одговара и да поднесе одредени кривични санкции. Не регистрирањето на партијата бидејќи не е во согласност на законот за политичко организирање што подразбира разгоруваше на национална и верска нетрпеливост, навреди на мнозинскиот народ, македонскиот народ во оваа држава, повикување на бунт во Гостивар, оружен бунт таква квалификација има и делото и се она што го слушавме во негова режија минатата година и во континуитет дека Тетово е албански град, да се селат македонците од Тетово и низа други навреди. Јас само ги издвојувам оние најкарактеристичните, практично за мене значат дека на таков кандидат на изборите не му е место во овој Парламент.

Вториот аспект е дека изборите во Тетово се флагрантен фалсификат од повеќе причини, поради кое што и јас барав до Комисијата за избор и именувања да го разреши претседателот на Комисијата за избори во изборната единица 73 во Тетово од следните причини.

На 22 изборни места што значи вкупна 132 члена не е прифатен да биде член ниту еден претставник од Демократската партија на Маке.-донија која што учествуваше на изборите со свои кандидати. За ваша информација потсетување, на изборите учествуваа само три кандидати. Значи, не е прифатен од 132 можни членови на избирачките одбори ниту еден. Не навлегувам во она што значи изборна комисија која што ние тука ве избравме и е компетенција на Парламентот. За тука немам замерки.

На барањето на Демократската партија на Македонија да претседателот на оваа изборна комисија објасни зошто е ваков составот на изборните одбори и до ден денеска не е добиен писмен одговор. На прашањето од каде произлегува во рок само од три години зголемен број на атекторатот на избирачите од цели четири иљјади гласачи што е некаде 33 до 35% и до ден денеска не е добиен одговор ниту од Државната изборна комисија, ниту од Комисијата за избирачки списоци, ниту од Изборната комисија, од никого. Ако некого не го загрижува ваквото зголемуваше на бројот на избирачи за само три години, мислам дека овој Парламент и севкупната јавност и те како ја интересира и со право е загрижена. Евидентни беа многу пропусти при кои што медиумите во присуство на претседателот на изборната комисија им кажаа како малолетни лица од 10 до 12 годишна возраст масовно гласаат за наводно неписмени избирачи, без да тоа биде во склад со законот, таквата категорија на граѓани да биде претходно пријавена во присуство повторувам на претседател на Изборна комисија. На повеќе избирачки места претседателот Јордан Велковски дозволи по два контролора од партијата ПДП. Медиумите објавија информација врз база на извештај од избирачките одбори и изборната комисија дека во 14,30 часот одзивот на избирачите е 25% за да во 19,00 часот

одзивот постигне вкупна просечна бројка од 55% за да во четири избирачки места каде што отекторатот е целосно од албанската националност да таму се добие фантастична бројка на одзив на избирачи од 92 до 94%. Невозможно да може да се оствари од повеќе причини.

Прво, изборите се реализираа во временски тајминг кога најмалку 20% од овие потенцијални избирачи не беа во државата, беа на печалба во странство. На овие најкарактеристични избирачки места комплетните избирачки одбори беа составени од албанци. На овие избирачки места се уфрлени по десетина ливчиња , повеќе ливчиња се нудени во други избирачки места и на бирачи македонци со мотивација: земете, гласајте за вашиот кандидат, со единствена цел да се постигне минималниот цензус од над 50% избирачи кои што излегле да гласаат. Дали може во рок од четири часа на едно избирачко место своето избирачко право да го остварат 700 до 900 избирачи. Нека се обиде некој, нека направи математика, невозможно и за рипливата хроника. И како споредба во однос на локалните избори минатата година некаде во ова време точно на 22 февруари одзивот на овие карактеристинчни инкриминирани места беше само околу 72 до 75%, во услови кога се работеше за организиран приод, бидејќи се работеше за избори за градоначалник со една успешно и умешно водеше на изборна кампања и со јавно декларирање на сите политички партии на албанците гласот да го дадат само за еден кандидат кој што и победи. Доволно аргументи дека на изборите во Тетово дами и господо не излегоа над 50% избирачи. Од овие причини барав судијата Јордан Велковски да не биде повеќе во ниту една , не само во оваа изборна Комисија, затоа што ќе ве потсетам дека во кривичниот законик кој што ние го изгласавме тука во членот 165 за вакви прекршоци за видливи и намерни фалсификати уфрлување повеќе ливчиња и сите други прекршоци предвидена е кривична санкција

затвор од три месеци до пет години. Нашата комисија за избор и именувања не сака дури да го разреши овој судија, а да не зборуваме за она што би значела кривична одговорност. Дали ние и понатаму во пресрет особено на следните парламентарни избори ќе дозволуваме вакви членови на изборни комисии и избирачки одбори. Очекував дека Комисијата за избори и именувања ќе има и храброст и доблест да укаже и на одговорноста на најважните субјекти во изборите за да конечно имаме фер, непристрасни и демократски избори.

На крајот изборите во Тетово се фалсификувани, кандидатот Арбен Џафери не може да биде пратеник во овој Парламент врз база на неговото однесување . И само да ве потсетам како тоа го прават развиените демократски земји. Само ќе ве потсетам на примерот на пријателска Турција.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници,

Излегов само да кажам два збора на говорницата . И уште еднаш почитуваниот пратеник да го убедам дека за мандатот одлучи електоратот, мандатот се добива само од страна на електоратот, а Собранието може само да го верифицира тоа.

Во врска со дадените тешки зборовите што беа изнесени од страна на пратеникот Томислав Стојановски, јас навистина не чувствувам потреба да реплицирам со човек кој не е сериозен, со човек кој секогаш тука пред говорницата инсистира во некои форми да ги заладува односите и кој во секоја доба инсистира да дофрлува нешто што не е . Кажува два примера кои навистина ниту се сериозни ниту се така, а чувствува потреба бидејќи тука го гледам пред мене и претседателот на

Изборната комисија дека во Тетово немало фалсификат, дека во Тетово доби со мнозинство гласови пратеникот Арбен Џафери и дека пратеникот Арбен Џафери ќе биде пак пратеник на ова собрание. Заради тоа што г-дин Стојановски потенцира два начина. Едниот кажа дека е политички, а другиот е од аспект на правилата и односите во врска со гласањето на одредени изборни места. Со првото можам да се согласам , бидејќи тоа навистина му е потребно на г-динот Стојановски бидејќи има право да се жали бидејќи секој кој ќе изгуби нормално има право да се лути. Но, дека има политички аспект тоа е вистина. А за другото јас велам дека не е од правен аспект, туку е цинички аспект што навистина не доликува на еден пратеник на Собрание да се изразува со такви зборови. Бидејќи не сакам понатаму да продолжам, уште еднаш ги повикувам сите пратеници да го имаат како пример дека пратеникот единствено може да го добие мандатот од страна на електоратот што го гласа , а Собранието има право тоа да го верифицира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сум и премногу сериозен и можеби тоа ми е најголемата слабост. Не можам да бидам несериозен ако сеуште надлежниот суд оваа партија не ја регистрира од причини што ги изнесов.

Второ, јас не навлегувам во тоа дали Арбен Џафери добил најповеќе гласови , не го ни спомнав. И во тој состав на електоратот при кандидирање само на еден пратеник, на еден кандидат неспорно е. Мојата интервенција е дека на ваквите примери, на ваквите случаи треба практично да моделираме услови за демократски, фер и непристрасни избори. Она што го реков политичка конотација сосема е разбирливо, затоа што и во законите и во праксата ние сите сме претставници на политички партии. Не сме ние претставници на партии. Називот стои,политичка партија и како такви се регистрираме.

Трето, мојата интервенција е дека не излегоа да гласаат почитуван господине над 50% од избирачите. А Парламентот со самото тоа што е обврзан да верификува мандат значи има право и да не верификува мандат ако за тоа постојат се разбира аргументи. Јас не чув ниту еден аргумент кој што ги оповргнува моите аргументи искажани во бројки , во временски интервали и во можности да може на едно избирачко место во таков тесен временски период да го обават своето избирачко право повеќе стотини избирачи.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Г-динот Стојановски мислам дека во најмала рака е некоректно пред да добие одговор од Комисијата да дава квалификации дали Комисијата има доблест , или нема и како работи . Неговото барање е доставено до Комисијата. Комисијата го разгледа и г-динот Стојановски во писмена форма ќе добие одговор во врска со неговото барање и наодите кои ги има наведено во барањето за усвојување на предлог за разрешуваве на претседателот на изборната единица 73 - Тетово. И затоа мислам дека треба да се има малку трпение, да го добие одговорот, а после може да прави какви сака коментари.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе бидам среќен и ќе се извинам ако Комисијата донела друга одлука, т.е. го прифатила мојот предлог, затоа што не е тајна , медиумите и тоа го изјавија и јас имам информација дека мојот предлог е одбиен. Тогаш јас сметам дека вашето настапување г-дине Џаферовски е цинично и не е коректно. Одлуката е донесена и нема зошто да се крие, зошто да одолговлекуваме. Јас ја прифаќам како таква. Во медиумите е изнесен ставот на Комисијата, тука ние го знаеме ставот. Јас повторно велам јавно ќе се извинам на оваа говорница и на Комисијата и на претседателот ако Комисијата донесе поинаква одлука, уствари го прифати мојот предлог.

IV/17

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Комисијата не донесе никаква одлука за одбивање, или прифаќање на предлогот. Комисијата едноставно за дел од наводите кои се наведени во барањето ќе се обрати до надлежните органи и ќе види дали е тоа така, или се само приказни и после тоа г-динот Стојановски ќе добие одговор во писмена форма. Се друго е шпекулација.

V/1 ЛП/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Се јавив прв за збор, добивам збор четврти или петти пат, меѓутоа, тука сме, како што од оваа говорница го бранев мандатот на пратеник кој му е даден 1994 година од страна на избирачите и сега само што е тоа уште еднаш потврдено. Да не го повторувам сето тоа, сето тоа сум го кажал, да се измени тоа што може да се измени, моето излагање од времето кога се водеше расправа за одземање односно не одземање на мандатот на пратеникот Арбен Џафери важи и ден денес и тоа е актуелно и те како.

Според член 65 став 4 од Уставот на РМ е речено дека на пратеникот може да му се одземе мандатот доколку отсуствува од работата на Парламентот повеќе од 6 месеци од неоправдани причини. Меѓутоа, вели "може". Значи, во прашање е дискреционо право. Тоа овој Парламент не го толкуваше објективно, точно како треба, туку работеше на субјективен начин и тоа денес ни се врати, подобро ви се врати како бумеранг. Или Парламентот тогаш беше во право кога му го одземаше мандатот на пратеникот Арбен Џафери или денес е во право кога не треба само, не да може, туку мора да му го верифицира мандатот, затоа што му е даден од народот, врз основа на законот и Уставот и се е потврдено од страна на Републичката (Државна) комисија, дека изборите се в ред, иако таа Комисијата не е на страна на мојата партија, не е на страна на г-динот Арбен Џафери, туку се знае чија е. Меѓутоа, каква да е, таа треба да се почитува.

V/2

Меѓутоа, да не должам, но по овој повод да кажам дека тешките квалификации кои беа изнесени тука за време на расправата околу одземањето на мандатот на пратеникот Арбен Џафери, затоа што и тогаш се јавив прв за збор, па немав можност за реплика, беа изнесени тешки квалификации, навреди и што се однесува до нашата партија т.е. Демократската партија на Албанците и што се однесува до пратеникот Арбен Џафери и неговата личност, па дури и на екс пратеникот и идниот пратеник и сегашниот претседател на Општина Гостивар г-динот Руфи Османи, со кого во тоа време кога беше тука, рака на срце, не може да се равни ниеден министер ниту еден пратеник во ова Собрание, па ниту јас со вас заедно. Затоа и денес се повторија такви квалификации дури дека таа партија не е регистрирана, а треба да му е јасно на г-динот поранешен другар Томислав Стојановски Бомбај, во Тетово наречен, повторувам, "петарда", затоа што добро му е познато, негов кандидат потпретседателот на неговата партија беше истовремено кандидат на овие избори, па знае дека бидејќи не е уште од непознато, но претпоставени причини регистрирана партијата, се појавува како кандидат на регистрирана партија и тоа во коалиција на Народната демократска партија, значи како ПДП-А односно НДП. И што има тука да се каже без врска дека била некоја партија нерегистрирана. Тоа беше 1994 година. Тоа е како прво.

Второ, да не должам, да ви кажам една друга работа. Ако сакаме да бидеме објективни, точни, фер луѓе, кога веќе доби повторно Арбен Џафери, колку пати Стојановски од оваа говорница велеше дека 35% во оваа изборна единица број 73 во Тетово се Македонци. Каде се тие Македонци? Ако не гласале можеби 50% тие сепак беа Албанци во прв

ред во мнозинство затоа што или не се запишани, или не излегоа на гласан>е или се во странство. Да беа и тие Арбен Џафери ќе добиеше не 8.500 туку 20 илјади или 25 илјади гласови.

Трето, некој мора да сноси одговорност за оваа грешка на овој законодавен дом. Значи, незаконски и противуставно му е одземен мандатот. Ако е некоја вина некаде, тоа е во самиот Устав што така е предвидено. Значи, потоа можеме ние другите не дојдеме во овој Парламент повеќе од 6 пратеници, значи Парламентот не може да работи. Меѓутоа, вината да се бара таму каде што е. Арбен Џафери, неговата партија и мојата на многу вешт начин многу вешто ги искористи овие празници во Уставот и грешки на Парламентот и за време на изборите од 1990 година доби околу 3.900 гласови, тоа значи околу 10 илјади германски марки, па сега 8.500 гласови нешто повеќе од 25.000 ДЕМ, па ако случајно се осудува овој дом денес, да не му го верифицира мандатот, па ќе може да биде по трет пат кандидат, па ќе добие тогаш 30.000 ДЕМ. Кој губи тука? Државата, земјата, Македонија. А затоа некој треба да сноси одговорност. Ние сме рекле дека односи, релации во нашата партија  во електоратот во мојата пратеничка група тоа е наша работа таму. Можеби и ние имаме забелешки дали доаѓа или не доаѓа Арбен Џафери во Парламентот. Можеби и ние сме се договориле некои да работат внатре, некои надвор, дури толку е силен мојот претседател, иако денес тука не е физички присутен, затоа што е во странство на службено патуваше, тој е присутен и те како, затоа што тука се во прашање 8.900 гласачи од неговата изборна единица и тие се тука сега во Парламентот. Гласовите нивни се тука присутни. И сега што?

Бидејќи иницијативата да му се одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери беше токму поднесена, и тоа неколку пати се повторуваше од Томислав Стојановски и неколкупати матичната комисија заседаваше, па одлагаше, па играше и на крајот знаете како со 7 8 гласови се гласаше и не му се одзеде мандатот. Потоа, се премина на поединечно гласање и се знае дека одвај доби 81 глас и тоа ако е точно, затоа што Знаеме што се се случи во овој Парламент. И сега некој треба да одговара. Ако сакаме да бидеме објективни во оваа наречена афера на Арбен Џафери, тоа е со вината на Уставот и овој дом, некој мора да сноси одговорност, затоа што некој згрешил тука. Вие знаете колку бевме одлучни дека тоа е голема грешка и рековме и тогаш дека нема сила која може да му го одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери. Сега тука некој пред нас, пред народот, пред јавноста треба и да поцрвени малку. Некој мора да одговара, или Арбен Џафери ќе биде пратеник и тој е пратеник или некој треба да дава оставка. Прво, оставка треба да даде иницијаторот на оваа афера.

Второ, комисијата која одлучила да му се одземе мандатот и сакате или не оставка треба да даде сега 81 пратеник кои гласаа да му се одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери, а тоа значи Парламентот треба да се распушти. Значи, тука некој е во право некој не е. Пак велам, сакате или не, овој дом, мнозинството владеачката партија која одбиваше десетина, десетина амандмани на мојата парламентарна група, еве денес сте пред свршен чин. Сакате или не, овој мандат на пратеникот Арбен Џафери морате да му го верификувате и тој е веќе до денес по втор пат пратеник во Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Ристевска, претседател на Републичката (Државна) изборна комисија.

**ЛИЛЈАНА РИСТЕВСКА ИНГИЛИЗОВА:**

Г-дин претседател, дами и господа пратеници,

Ова е мое прво обраќање до Парламентот на РМ во случај на верификација на мандат на пратеник. Со оглед на тоа што во расправата беше истакнато дека се оспорува законитоста на спроведените избори во изборната единица број 7 3 во општина Тетово, односно дека постоела материјална повреда на изборната процедура софлагрантен фалсификат и беа наведени некои од тие наводи кои одат во поткрепа спрема искажувањата во што се состои тој фалсификат.

Најнапред овде би се задржала на искажувањата на бројноста на избирачкиот список на избирачите во оваа изборна единица. Точно е тоа дека Државната изборна комисија доби писмо од ДПМ да и се даде образложение зошто бирачкото тело во 1994 година било 12.500 и нешто избирачи, а сега е 16.100. Нашата комисија го разгледа тоа и оцени дека избирачкиот список, единствениот во државата го водат надлежни државни органи. Тој избирачки список, единствениот како сега се нарекува по Законот за избирачки список и гласачка легитимација, го заклучува Државната комисија за избирачки список и Државната изборна комисија го доби тој извод за таа изборна единица и според тој извод бројот на избирачите за овие избори е 16.376 избирачи.

Меѓутоа, во оваа прилика морам да кажам затоа што мислам дека мора нешто да појаснам од ова пред овој дом, од она што ние

го имаме како податок во Државната изборна комисија, неоспорувајќи ја оваа бројка на избирачи што е дадена во изводот од Единствениот изборачки список за оваа изборна единица. За да нема дезинформации во јавноста дека дошло до енормно зголемување на бирачкото тело што е апсолутно неточно, ќе ви кажам само кратко податоци, иако овде имам напишано нешто повеќе.

Во Парламентарните избори 1990 година, според тогаш, како законот го нарекуваше Општиот избирачки список, вкупно биле запишани во оваа изборна единица 14.439 избирачи, а со важечка лична карта и потврда од надлежен орган гласале уште 1.234 избирачи. Значи во 1990 година оваа изборна единица според поредатоците според кои ние располагаме има 15.973 избирачи. Тоа се жители на оваа изборна единица и државјани кои имале изборачко право 1990 година. Сега избирачкиот список е со 16.376 после период од 7 години.

Во 1994 годинана парламентарните и воедно претседателски избори вкупниот број на запишани избирачи во Општиот избирачки список, така тогаш се викаше по законот, изнесувал 12.367 избирачи. Меѓутоа, избирачко право со соодветен доказ за избирачкото право оствариле уште 2.133 или вкупно избирачи во 1994 година биле 14.500. Значи, во однос на 1994 година сега имаме според овој избирачки список што е заклучен за оваа изборна единица, за овие дополнителни избори, 1.876 избирачи. Јас ве молам, само да имате предвид дека 12.367 избирачи и овие дополнително што гласале со соодветна документација во 1994 година за доказ на своето избирачко право, вие гледате дека тука има и намалуваше на бирачкото тело, тоа е под дејство на Законот за државјанство на РМ и за 3 години има 3 популации генерации кои

стекнуваат бирачко право. Толку би рекла по однос на бирачките списоци, затоа што мислам дека долго размислувавме дали треба да се огласиме и преку печатот, затоа што оваа работа беше доста јавно кажана, 33% зголемено бирачко тело, според податоците со кои ние располагаме, споредбено по парламентарните избори откако РМ е осамостоена како самостојна држава, состојбата со бирачкото тело е оваа и апсолутно не може да стане збор од овие податоци за некое енормно зголемување на бирачкото тело. Тоа е едното прашаше.

Второ прашање: во избирачките одбори немало предложени лица од ДПМ. Според она што го имаме ние како сознание избирачките одбори се мешовито составени, такви сознанија имаме и морам да кажам дека при спроведувањето на изборите, Државната изборна комисија не ја остави изборната комисија на изборната единица сама. Во две групи Државната изборна комисија во свој состав - не отидов само јас и секретарот на Комисијата , сите други и дел од променливиот состав беа во обиколка 5,5 часа на сите бирачки места. Нас враќањето информирани сме дека не е ставена никаква забелешка на текот на гласањето, никаква забелешка на повреди на гласањето, никакви забелешки од претставниците на листата. А претставници на листата имале сите предлагачи на листа.

Во однос на составот на избирачките одбори, јас мислам дека веројатно е некоја забуна. Во Законот за избор на пратеници никаде не е предвидено дека мора во тие состави да бидат по предлог на партиите како што тоа е предвидено во новиот закон за локални избори и како што сега е во предлогот - тука се гледаше тој предлог за донесување на закон за избор на пратеници, се предвидува  како можно решение во Законот

за избор на пратеници, кои претстои да биде донесен, што секако е едно демократско решение.

Само едно ќе кажам, дека и во текот на кандидационата постапка немаше приговор од овластени лица. Во текот на изборната постапка до завршувањето и објавувањето на резултатите не е ставен никаков приговор од овластени лица. Кој се овластени лица во Законот за избор на пратеници? Кандидатот и секој избирач во текот на изборната постапка од распишувањето до завршувањето на гласањето и потоа во оние рокови предвидени во закон, ниту кандидат ниту кој избирач од изборната единица број 7 3 нема ставено никаков приговор. Тоа е инструментот со кој се заштитува избирачкото право, тоа е инструментот со кој се докажува дали има повреди во постапката или не. Затоа сум вака малку изненадена и што и кандидатот за пратеник на ДПМ кој по професија е правник, адвокат со долго- годишно искуство, магистер на правни науки, кандидатот за пратеник не стави никаков приговор. Ако вакви бројни повреди на постапката постоеја, ако сето ова навистина вака било, тогаш навистина е нелогично кандидат за пратеник било кој да не стави повреда, ако тоа било во такви димензии и така како што се кажувал да не даде приговор ниту еден избирач. Тоа се тие работи што сакав да ги посочам.

Инаку, бидејќи претседателот на изборната комисија на број 7 3 во Тетово, вие се сеќавате дека се именува а веќе изборите беа во тек, јас морам овде да кажам дека истиот колега ги спроведуваше изборите во општината Вратница, мислам дека е Вратница без никакви проблеми и не гледам никаква причина зошто некој би правел некаков фалсификат и зошто оние кои по законот се овластени во текот на постапката тое не го оспорија, а по службена должност ниту изборната комисија, ниту

Државната изборна комисија не најде дека има повреди. Изборите беа транспарентни. Изборите беа следени од медиумите кои што секој што прател се сеќава дека ниедна примедба не беше изнесена ни од бирачи, ни од избирачките одбори ни од претставниците.

И конечно, ако било така, Државната изборна комисија цел ден на денот на гласањето овдека дежураше.

**ЛИЛЈАНА РИСТОВА-ИНГИЛИЗОВА**

Две екипи беа на бирачките места шест часа и само

се јави еден новинар. Тоа беше. Ниту добивме факс ниту добивме телеграма со која се укажува на некоја изборна неправилност. Тоа на соодветен начин треба да се провери. Само еден новинар постави прашање дали можело да се гласа надвор од избирачкиот список. Знаете, луѓето ги мешаат работите со Законот за локалните избори каде што не можеше да гласа избирачот што не е запишан во избирачкиот список, а со Законот за избор на пратеници може да гласа и оној кој не е во списокот, ако го докаже избирачкото право со соодветен документ со кој, всушност го докажува и државјанството и жителството во таа изборна единица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако тоа се резоните на најкомпетентниот човек во Државата за спроведување на изборите, јас тогаш размислувам дали некогаш воопшто во оваа Држава ќе имаме демократски, фер и непристрасни избори.

Вие госпоѓо Ристова после шеесет или седумдесет дена објаснувате сега од оваа говорница, од каде разлики и нелогичности и проблеми во она што значи вкупен електорат, променлив дел, лични карти, документи, 1990 година ја спомнувате. Зошто тоа кога во писмена

форма ние како партија баравме а не ни го објаснивте ни на нас ниту на медиумите. Зошто Вие тоа денеска го објаснувате.

Второ, дали Вас воопшто не ве загрижи кога видовте еднонационални изборни комисии, без оглед од која националност. Дали тоа е прв сигнал дека таму нешто ќе се случува. И тоа мене не ми е јасно тоа ваше размислување, кој би го направил тоа и зошто, дали заради некои интереси, или за мене би било трагично, ако тоа е направено од незнаен»е за да се дефектираат можните манипулации и фалсификати, без оглед што именуваниот судија ги реализирал многу успешно изборите во Вратница со 1500 избирачи каде што гласаа само 1000 луѓе и во една многу поинаква изборна единица и изборна процедура.

Дали за вас е поважно што колегата пратеник е од вашата струка, од вашиот еснаф, со висока титула магистер. Дали вас тоа ви е поважно или се поважни слабостите на оние комисии и одбори кои вие сте должни да ги контролирате. Обврзани сте за тоа.

Јас Ви го цитирав членот од Кривичниот закон каде што под наслов на членот е изборна измама. Воопшто јас тука ниту во еден момент не го поставив прашањето дека кандидатот Арбен Џафери ќе беше победник на тие избори. Јас ја поставив апсурдноста дека не се излезени доволен број на избирачи за тие избори да бидат легитимни, госпоѓо Ристова. Дали вие размислувате дека медиумите го дадоа тој податок затоа што на нас не ни беше достапен, бидејќи изборни одбори еднонационални. Вие велите не е Ваша обврска. Дали е морална обврска, се прашувам, ние како Демократска партија на Македонија и нашиот кандидат од 132 потенцијални членови на изборни одбори, нема ниту еден. Дали Вас ве загрижи малку тој податок. Каде е сега тука рамноправноста на кандидатите и на партиите. Нема рамноправност, извинете, без да размислуваме кој е мотивот.

Дали Вие размисливте и дали направивте математика што сите ја знаат за 240 минути, тоа се 4 часа, на две изборни места да гласаат 900 избирачи каде што во најголем дел беше потребна асистенција од малолетни и полнолетни граѓани. Во една минута 3,5 кандидати да поминат да добијат ливче, да се провери нивниот идентитет, да се проверат во избирачкиот список, тие да гласаат. Извинете, не држат оправдувањата. Целта не е воопшто во тоа дека шансите на кандидатот на ДПМ ќе биде многу поголем. Илузорно е да размислуваме така. Целта, ако е сфатиме сите тука е на вакви примери да се учиме сите, особено Вие што сте компетентни и одговорни, во иднина да бидат подложни и на изземање и промена и членови на изборни комисии и на Државна изборна комисија и на државни одбори. Тоа е мојата поента и мојата цел. Вакво нуркање на главата во песок и ништо не гледаме околу нас, ништо не слушаме, се било убаво, никој не реагираше. Реагирано е, но затоа не сакавме од тоа да правиме капитал. Сметавме дека Вие ќе ги сфатите овие работи затоа што објективно и самите Вие во бројките кога манипулирате дојдеме до една апсурдност. Како сега со само 55% излезени избирачи да се победи на изборите, во услови кога авторитетот на кандидатот е неспорен. Неспорен е, не^а дилеми и шансите се најголеми. Мора да се прифати дека таму е направен флагрантен фалсификат. Нека им служи на чест на тие кои го овозможиле, намерно, ненамерно, сеедно.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници .

Излегов на говорница не да бранам некого. Излегов да кажам нешто околу демократијата, толку колку што знам, околу правата на човекот и граѓанинот, околу посебните права на националностите

во РМ, околу документите околу ОН заради тоа околу документите што ги потпишавме, ратификувавме итн. Излегов на говорница, да кажам од побуди што зборував јас како претседател на една партија и како пратеник пред 89 делегации што ја посетуваа РМ за нејзиното признаваше и влегување во ОН и другите светски институции и тн. каде што и денес чекаме на ред да бидеме современи граѓани на Македонија, а не да се зборува како што еднаш е речено на една средба на Комисијата за надворешна политика дека тој регион се уште преставува една црна дамка во Европа. Навистина е црна дамка.

Денес гледам, според мене, можеби според некој друг е се во ред, како нетреба да се постапува, како не треба да се излегува овде на оваа говорница. На име, сите вие знаете дека јас потекнувам од една националност, навидум многу мала, но многу широка, Ромската националност. Живеам во едно подрачје каде што во најголем дел живеат Роми. Можеби 90 и повеќе посто. Замислете ние немаме ниту еден член во избирачките одбори како партија заради што ние овде донесовме закон каде се вели - тие партии кои што не освоија најмалку толку посто на последните избори во првиот круг, нема да имаат право да предлагаат кандидат за состав на изборните комисии. Тоа на сите нас треба да ни биде јасно дека и во годинешниве избори тоа ќе се случи. Ние донесовме закон и од тоа дигнавме рака. Како можеме да отстапиме од тој закон само заради национална причина. Зарем толку немаме поверење, ако има тројца албанци во еден избирачки одбор, односно тројца роми или само тројца македонци. Зошто? Па народот ќе го даде гласот. Гласот не го дава избирачкиот одбор. Има претставници на политички партии, односно кандидати таму и не може некој да прави што сака. Народот ако рече дека е тоа така и негова желба е тоа така да биде не може ние во Општина Шуто Оризари да направиме увоз на кадар

Не знам од каде за да направиме пратеник затоа што мнозинството тоа го сака. Не, во таа изборна единица, во тој електорат тие што бараат, тие што сакаат тоа ќе го направат. Се знае според законот кога ќе се одзеде мандат и кога не може да биде избран, што е казниво таму и кога е казнет за икс работи граѓанин итн.

Сакам да кажам нешто што е многу битно за нас во РМ и за овој народ. Господа пратеници нас не следи народот, ги следи сите седници. Ние сакаме да се европизираме вака ни се затворени вратите. Ние мораме да признаеме дека постоиме. Детето од кога се родило има право да дише воздух. Дали ќе го дишеме заедно или посебно, тој воздух за сите нас е заеднички. Еден ден мора да си подадеме рака. Ќе мислиме различно. Па тоа е плурализам,не е едноумие. Не смееме да ги труеме ни дури децата дека тоа е неправилно. Еве на крајот од 1998 година кога ќе имаме избори, како што едно време се велеше смрт за овие, смрт за оние. Она што нас ни се случи во Гостивар, тоа сигурно е црна дамка за РМ, без разлика дали требаше или не требаше не навлегувам во правдината. Во светот сме оцрнети. Мислам дека тука сме, овој Парламент оваа Држава, овие политички партии понатаму нема да дозволат ниту на никого да се изживува овде и да поведе некоја маса против некоја друга маса. Тоа не смее да биде. Ние мора да ја сочуваме оваа мала државичка која што во споредба со некоја друга е како мува и слон. Меѓутоа, на една средба на првиот Семакедонски конгрес каде што присуствуваше господинот Глигоров, Кљусев и јас, јас меѓу другото реков и една ваква реченица: "Кога ќе се вратите во своите држави каде што живеете Вие од светот ќе им кажете дека Македонија претставува едена мала мува во споредба со да販речеме Австралија и тн." Меѓутоа, има една турска поговорка која вели, кој е поголем мувата или слонот. Ако ја

проголташ мувата, ќе повраќаш. Заради тоа оваа мала држава не ја терајте некој да ја голтне па да ја повраќа. Ние мора да живееме братски и мора да си подадеме рака, а ќе мислиме различно. Стручноста, квалитетот тука ќе ги кажеме.

Кажете ми што требате ИЦШ? да направи во Шуто Оризари овде пред сите вас зборувам за една општина за која сите гласавте дури со две раце. Господинот Рамадани дојде овде и рече со две раце гласаме за општината. Луѓето што направија, направија, победи другата партија, Демократска прогресивна партија. Па добро е, нека победи. Не прашуваат дали ќе се жалиме, па зошто да се жалиме. Срамота е. Ќе речат овие добиле еднаш една општина и ќе се испотепаат меѓу себе. Ова ме тера да помислам на едно време кога извршните тела на општествено - политичките организации се состануваа и по тој диктат одеше кој ќе биде делегат во ова Собрание. Не може така веќе. Народот кажува што ќе биде. Партии постојат, има партиска припадност. Јас мислам дека треба да се помириме со судбината. Не може една партија како што е ПЦЕР да ја правам толку голема да е поголема од СДСМ или од ЛДП или од ВМРО, затоа што нема присталици. Има толку колку што има. Сега јас како што ќе се поставам овде пред ова Собрание, дали и македонците ќе дојдат да ми пружат рака и албанците и турците, тоа зависи од мене кахо јас ќе се поставам овде. Заради тоа јас го молам ова Собрание и колегите пратеници. Мислам дека владее голема свест и осознаеност дека секој човек и секоја националност од аспект на правата на човекот и на граѓанинот, од аспект на сожителството, од аспект на демократијата. Ако имаме демократска партија, таа треба да биде демократска партија да научи што е демократија, не да правиме внатрешни меѓусебни расправии и революции заради што еве малку живееме таму мора да има и Македонец. Тоа значи дека мора да се помириме со она што се вика

закон и да ги почитуваме законите, а волјата на граѓанинот оној што го дал својот глас, оној, како што во економијата е мој купац мој господар, така и мој господар е онај што дал глас. Во негово име јас сум овде, а не во име на некој друг. Поради тоа, опростете ми, јас сум за предлогот на Органот кој што го предлага потврдувањето на мандатот на господинот Џафери, кого не го познавам доволно, сум слушнал доста добри работи за него. Мислам, ако седнеме, макар на земја долу со ПДП со ПДПА,НДП и не знам кој други, долу ако седнеме на земја и да разговараме белким ќе се разбереме. Тоа е мисла на еден голем човек. А јас велам сигурно ќе се разбереме. Нема ни едно прашање за кое нема решение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Реплика за господинот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

За да нема недоразбирања.

Господине Фаик овие избори, изборните комисии и одбори се спрема стариот закон каде што претседателот на Изборната комисија ја определува самоволно членовите на избирачките одбори, а локалните избори за кои Вие кажувавте се спрема законот, спрема јачината на партиите и нивниот основен процент. Значи ова е дополнителен избор за пратеник каде што не се именуваат членовите на избирачките одбори спрема целината и моќта на партијата туку спрема вкусот на претседателот на Изборната комисија. Мислам дека од 132 члена ниту еден да нема од оваа партија нема оправдување. Тоа само колку за информирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине Стојановски јас не ве спомнав воопшто. Јас зборував за нешто друго што не интересира сите нас како пратеници. Сите гледаат на нас дали сме ние жариште на некои далекосежни последици или ќе бидеме мирен Балкан што зависи и од нас а не само од другите држави. А дали го знам јас она што Вие го рековте или не го знам, да Ви кажам дека јас тоа многу убаво го знам.

Ајде, Вашата почитувана Јанкуловска која многу ја респектирам, знам со која фамилија живеат, тие ми се школски другари и пријатели да ја прашате и она да Ви каже од старото римско право, оној кој ја поседува зградата, земјата, местото дали може да ја натовари на грб па да ја однесе не знам каде.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Мислам дека задачата ни е полесна денеска, отколку што ни беше тогаш кога требаше да се одземе мандатот на пратеникот Џафери и мислам дека е олеснета работата од две причини. Прво, со присуството на претседателот на државната комисија, која е најкомпетентна да каже за тоа какви биле изборите, дали имало во процедурата грешки кои ги прават изборите неправилни. Мислам дека секоја друга е лоша политичка пропаганда. Морам уште еднаш да потврдам дека партиите или поединецот ориентиран на гласови да се добијат на антиапбанска основа, мислам дека е лоша ориентација. Таа ориентација на некои партии на двата избори тешко им се освети. Тоа ќе се случи и идниот пат. Тоа важи исто и за апбанците. Антимакедонски ориентирани албански партии мислам дека и албанската популација нема да ги поддржи, заради сопствениот интерес, заради сопствената иднина. Мислам дека тоа треба да биде наше јас во политиката и во политичката борба. Мислам дека основната грешка беше и тогаш што ние изворот на барањето за одземањето на мандатот, сепак го зедовме од една средина која по секоја цена инсистира некој антиалбански елементи да воведува. Тогаш погрешивме што таа иницијатива од такво извор беше прифатена и со тоа се одрази заправо, како што предвидовме на оваа седница на Собранието. Кажавме ние ќе му одземеме мандатот со апросимактивна одредба на Уставот, која вели може а не дека е императивна, дека се одзема мандатот ако не дојде 6 месеци, дека со самиот тој факт веќе народот го повикуваме на еден начин да ни се освети, условно велам по наводници истиот, кандидат повторно да го избере и тој ќе биде избран никој не спори за неговата позиција и авторитет таму и мислам дека резултатот дојде.

VII/2

Денеска предлагам да не должиме за ова нешто, мислам дека е достоинство на Собранието она што Лекторатот го определи. А јас и тогаш реков и денеска велам дека е грешка на Џафери што не иде тука, да ги кажува оние работи кои се инаку присутни во јавноста од него, и веројатно би имале повисока специфична тежина тука да бидат изречени, но тоа да го оставиме на него. Меѓутоа, електоратот си го кажа своето и молам ние тоа да го прифатиме. Се друго, од ова сега да направиме и пред идните избори да ги загрееме меѓунационалните страсти мислам дека би била најголема штета што би можеле да ја направиме. Верувам дека ова ќе биде прифатено од пратениците.

Со седницата продолжува да претседава Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието.

**НАЏИ ПУРДЕ**

Почитуван потпретседтеле, почитувани колеги пратеници, почитувана г-ѓо претседателка на Комисијата,

Г-ѓата претседателка на Комисијата многу убаво и аргументирано објасни дека во текот и после изборите немапо никакви фалсификати. Но, наспроти тие фактички објаснувања, нека извини колегата никогаш никого не сум напаѓал, меѓутоа, да се употребуваат вакви навредливи зборови за Државната изборна комисија која била сосема свесна дека треба точно и добро да се пресметаат и да се бројат гласовите и точно по број да се изнесуваат пред јавноста, а за тие прави постапки да се изречат вакви зборови дека изборите се флагрантен фалсификат, сметам дека е голема грешка од страна на тој што греши. Повторувам дека не сакам никого да напаѓам, меѓутоа, треба да го потсетам г-динот Томислав Стојановски дека тој има еден вид како хоби да ги напаѓа луѓето. Јас ова ќе го поткрепам со две работи, што се однесува лично до мене. Дотичниот г-дин беше единствен, тоа е негово право, кога беше мојата верификација во овој Парламент сите едногласно го верификуваат мојот мандат единствено г-динот беше против. Друго, не поминаа ни неколку дена од мојата верификација на мандатот тој на приватната телевизија КИС ме нападна, без да ме знае кој сум и тоа со најпогрдни зборови, одговарајќи на прашањето на еден гледач. Се согласувам со претходниот говорник кој рече добри зборови, кој навистина има подлога

за такви зборови дека овде со кавги не можеме да решаваме ништо дека овде со фактите г-ѓата претседтелка на Државната изборна комисија го докажа сосема спротивното на г-динот Томислав Стојановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, господо од Министерството.

Сигурно си поставувате прашање штод би имал да кажам по повод легалниот и легитимниот избор на г-динот Џафери за пратеник во Собранието во РМ. Евидентно од извештајот на Републичката изборна комисија г-динот е избран за пратеник во Собранието на РМ. Но исто така е вистина дека ова Собрание легитимно и законски му го одзеде правото да биде пратеник во Републичкото Собрание г-динот Арбен Џафери. Сите овие дискусии кои беа до сега, кои се наклапаа вака или онака, можеби содржат еден елемент, кој што носи затегнување на односи во оваа држава меѓу луѓето, ние овдека сме избрани на некој начин да правиме симбиоза меѓу луѓето, да не создаваме раздор во оваа држава.

Зошто се јавив за дискусија? Се јавив за дискусија затоа што чувствував една грижа на совеста дека по повод одземањето на мандатот, не се јавив за дискусија, затоа што на сите нас ни беше јасно дека г-дино Арбен Џафери повторно ќе се кандидира и дека повторно ќе биде избран во ова Собрание. Ако е тоа така, ќе глорифициран одредени вредности и не сакам да се сфати директно дека се однесува на г-динот Џафери. Но, се работи за следното: дали во оваа држава има луѓе кои земаат плата, а релативно малку работат. Дали тоа беше причина на г-динот Џафери заради платата и економската валоризација да му се одземе. Не. Ние сакавме да докажеме дека на некој начин следејќи ја таа еуфорија, не ми замерајте, не можам да најдам по адекватен термин, но сепак вистинската хуманост, човештвото, степенот на достигнувањето на цивилизацијата ние некаде почнавме да го ставаме не националното, туку националистичкото. Од тој аспект оваа проклета камера која што нас не снима овде, за да на некој начин докажеме и можеби и против своја совест, ние гласавме да му се одземе мандатот, свесни

дека ќе направи г-динот Џафери реклама и аглотинација на своето политичко тело со кое што два месеца или три колку ќе се занимаваат луѓето околу изборите, ќе носат свои програми, ќе го мобилизираат гласачкото тело, ќе изнесуваат еден куп невистини, со цел да се докаже како неправедно е одземен мандатот или тоа се глорификации против албанизмот. Оваа состојба не чини и мое мислење е следното: и ќе се залагам во делот на изборната законска регулатива која што ќе биде пред овој дом во времето кое што доаѓа, дали тоа ќе биде мнозински систем, или пак тоа ќе биде пропорционален или комбиниран, луѓето кои што претставуваат релевантни политички фактори во оваа држава да седат во овој Парламент. Оние луѓе кои што се денеска вон Парламентот а организираат постојано конференции за печат и кажуваат се она што ќе им дојде на мисла на памет антагонистички расположени спрема други го сослушува печатот или средствата за јавни комуникации но нема кој да му реплицира и да му каже можеби тоа не е така. Само на таков начин политичките релевантни фактори треба да бијат битка пред јавноста пред овој Парламент и на тој начин полесно е антагонистичките ставови да се приближат, или да останат аргументирано едните или другите со своите ставови во оваа држава.

На крајот г-да, оваа говорница во една прилика реков, ако може да цени и ако е живо суштество, многу пати би поцрвенела колку се изнесуваат невистини, неточности од оваа говорница, кои што добиваат право на граѓанство. Ние треба да се навикнеме дека во овој дом ќе седат и антагонисти и опортунисти, но дека ќе седат и наши условно речено, политички непријатели, но тие ако се легално избрани и претставуваат вредност во електоратот, подобро битката да ја биеме овдека, отколку да ја биеме на улица, или во некој друга сфера. Од тој аспект сметам дека изборот е легален, бидејќи тоа го потврдува Републичката изборна комисија и јас ќе гласам за овој предлог за верификација на мандатот на г-динот Џафери.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Дали уште некој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака - 31 пратеник.

Молам да се утврди точниот број на пратеници во салата.

Очигледно немаме кворум. Гласањето не е валидно.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ**

Почитуван потретседателе, бидејќи дадовте предлог за пауза за ручек, јас во име на мојата пратеничка група и во име на сите албанци дека ние постиме, бидејќи е месецот на Рамазан сакаме да работиме до 16 часот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ**

Во ред, ќе се договориме за тоа.

Да се повикаат пратениците да влезат во салата, а за овој предлог што беше даден од пратеничката група на ПДП треба да се договориме.

Бидејќи немаше кворум, предлогот сега го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака - 54 пратеници.

Молам кој е против - 2 пратеника.

Молам кој е воздржан од гласањето - 5 пратеника.

Очигледно дека некој не гласале.

Констатирам дека на пратеникот Арбен Џафери му е верифициран мандатот.

На пратеникот Арбен Џафери му посакувам успешна работа во Собранието.

Минуваме на точката 2.

- Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви доставени односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има и пред вас веќе. Има.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа,

Во оваа прилика мислам дека е воедно и деловнички збор затоа што мислам дека треба да се прифати тоа што го кажа господинот Вејсели Се надевам дека ќе се прифати да работиме до 16,00 часот затоа што нашите колеги односно ние како Ваши колеги со исламска вероисповест некаде после 16,00 часот тој Рамазански ритуал, така се вика Ифтар мораме, не мораме, туку е пожелно и добро е да бидеме во нашите домови Мислам дека ќе се прифати од нашите колеги.

Што се однесува до Законот, пратеничката група на Партијата за демократски просперитет уште кога се достави првата верзија, однос- но Законот за заштита на македонскиот јазик, ако се сеќавате бараше и инсистираше да се оди со Законот во две фази. Нормално, тоа го бараше мислејќи односно надевајќи се на тоа дека и понатаму ќе биде консултирана. Со самиот факт дека со сите тие дискусии со кои што ние учествувавме, очекувавме дека дел од нашите мислења, нашите сугестии ќе се прифатат од предлагачот односно од Министерството за култура.

Меѓутоа, по се изгледа настана спротивното. Не само што не се прифатија нашите сугестии туку се отишло уште подалеку па се промени и насловот на Законот, па сега веќе гласи Предлог-закон за употреба на македонскиот јазик. Јас ве молам и при нашите излагања и при моето излагање тие кои имаат намера евентуално да не сфатат погрешно, дека ние имаме нешто против тоа што значи заштита на литературниот македонски јазик и кирилското писмо да се повлечат од тоа затоа што апсолутно ви велам не ни оди ниту на памет да имаме таква намера.

VIII/2.-

Но, дилемите остануваат само во тоа што предлагачот, тоа е Министерството за култура, мислам дека се однесува непринципиелно. Кога велиме непринципиелно, мислиме на тоа дека тоа е Министерство за култура на Република Македонија,односно институција на сите граѓани без разлика на нивната припадност, национална припадност и верска припадност. А, тоа значи и нашето ангажирање како пратеничка група и како партија, дури дека во таа институција, односно во Министерството за култура треба да има и да постои сектор посебен за културното наследство и културата и на националностите во овој случај зборувам за културата на албанците. Кога би било така, тогаш би се предложил закон што би имал и друг наслов и сосема друга содржина.

Втората дилема, е во тоа што сметаме како пратеничка група дека има една доза на егоизам во самата содржина и самиот наслов на Законот. Затоа што, тука веќе се димензионира залагањето за заштита на еден единствен, само еден јазик т.е. македонскиот јазик. А, ние знаеме дека во Република Македонија и се зборува и се пишува исто така, треба да се пишува и зборува литературно и на други јазици. дури, регулирано и со други закони и прописи за нивната употреба.

Знаеме ние дека има едно ниво, дека има еден обид има еден начин на употреба на тие јазици, меѓутоа, сепак тие јазици постојат и веќе, ако преземавме нешто за заштита на тоа што значи зборување на литературен јазик, пишување на јазик, со сите тие димензии односно со тие карактеристики: граматика, морфологија, синтакса и тн., да не навлегувам во тоа, тоа значи дека треба да се грижиме за сите тие јазици.

Исто така, со овој закон уште повеќе се изразува тоа што кажав егоизам. Можеби зборот не е најадекватен во овој случај, меѓутоа,

самиот факт дека не го почитуваме тоа што е културен диверзитет на Република Македонија, а со овој закон тоа го и санкционираме, тоа значи дека дилемите во парламентарната група на Партијата за демократски просперитет остануваат. И, не случајно баравме да се симне како точка од дневниот ред. Со самиот факт да се консултираат не само политичарите. Таму бараме и оние кои се професионалци да се консултираат. Затоа и во образложението на нашето барање никаде не сме напишале ниту еден збор да се консултира политиката. Затоа што сметаме дека не требало да се консултираат професионалци македонисти само, туку и професионалци односно оние кои знаат и зборуваат и употребуваат и други јазици. Во овој случај албанскиот, турскиот, ромскиот, српскиот, бошњачкиот и тн.

И, кога веќе мојата дискусија односно ставот на пратеничката група се однесува на тоа што е принципиелност и на тоа, веќе јас, како координатор на пратеничката група не сакам, односно и понатаму остануваме со ставот дека нема да го поддржиме Законот со оваа содржина, а тоа значи дека не би сакале да навлегуваме понатаму да ја подобриме содржината на Законот, затоа што многу јасно е дека треба да се интервенира со амандмани и тн. Меѓутоа, тогаш веќе со амандмани тешко е да се промени концептот на самиот закон и остануваме на ставот дека овој закон не требаше да биде оваков на дневен ред и не го поддржуваме како пратеничка група.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски, процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека на расправа имаме многу важен и сериозен закон, а прифативме сугестија од пратеничката група на ПДП, предлагам да не работиме во цајтнот, да прекинеме тука и седницата да продолжи утре со оваа точка.

VIII/4.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Трипуновски.

Ние не работиме во никаков цајтнот, работиме во нормални услови, работиме додека се договоривме.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господа заменици министри,

Прво, го прифаќам размислувањето на координаторот на пратеничката група на ПДП дека не се против донесување на законот за употреба на македонскиот јазик, туку дека суштината на нивното размислување се движи во тој правец дека литературниот јазик на националностите на која тој припаѓа треба да добие соодветна верификација.

Од тие причини, бидејќи не го гледам претседателот на Комисијата за култура во која и јас сум член, вчера се договоривме дека употребата на јазиците на националностите, заклучок е на Комисијата дека на наредната седница ќе го отвориме и тоа прашање. Министерот прифати дека треба да се регулира употребата ан литературните јазици на народностите што имаат употреба во државните институции.

Од тие причини, бидејќи така се договоривме Предлогот - на закон за употреба на македонскиот јазик е нужност и потврда во институциите на системот. А, сето тоа според член 7 став 1 од Уставот на РМ, според кој во Република Македонија службен јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо. Всушност, со овој закон се разработува оваа уставна одредба и се утврдува употребата на македонскиот литературен јазик како службен јазик на Република Македонија.

Исто така, членот 56 став 2 од Уставот на РМ, гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското, уметничкото богатство на македонскиот народ и националностите, како и добрата што го сочи-нуваат без оглед на нивниот правен режим.

Според тоа, потребата од донесување на овој Закон со кој се регулира употребата на македонскиот литературен јазик во службена и јавна комуникација се неоспорни. Бидејќи во јавноста се појавија, т.е се појави размисла дека има доволно законски прописи, што ако се применуваат се доволни за заштита на македонскиот јазик, со образложение дека проблемот не е во отсуство на регулатива и механизми туку во познавањето и применувањето на тие регулативи.

Меѓутоа, со овој закон треба да се обезбеди основа за преземање поефикасни мерки и на државата за правилна употреба на македонскиот литературен јазик како службен јазик во Република Македонија.

Според тоа, следејќи ја основната идеа на наведените причини, поради кои треба да се донесе законот, се повеќе од издржани. Бидејќи во Република Македонија после донесувањето на актот на АСНОМ, заложбите во 80-тите години со Информација на Собранието на Република Македонија да се ова потврди за прв пат се предлага донесување на оваков закон што регулира материја од системски карактер, сложен по природа и на работите што ги уредува. Тоа се гледањата за кои по ова прашање Социјалистичката партија нејзината пратеничка група се соочи во двете фази од предложениот закон за употреба на македонскиот јазик од концепциски карактер што би го образложил низ следните конкретни забелешки:

Според бројот на членови не се работи за обемен закон. Сите ќе констатираме. Но, предлогот е поставен на широка основа и амбициозен во поглед на прашањата што со него настојува да ги регулира.

За мене, беше проблематично меѓу двете фази зошто употреба, зошто не литературен македонски јазик. Но сигурно предлагачот помеѓу двете фази даде образложение во членот 1 како тоа ќе се регулира.

VIII/6.-

Сакам да се осврнам на самиот термин "македонски јазик" и "македонски литературен јазик".

Со членот 1 од Законот се определува дека македонскиот јазик во смисла на овој закон,е македонскиот литературен јазик и неговото кирилско писмо. Тоа значи дека во службена и јавна комуникација секој ќе треба да се придржува на нормите на литературниот јазик, онака како што ги определува науката за јазикот.

Самата одредба ја нема таа цел веднаш да ја обезбеди, но Законот и активностите што треба да следат, барем така јас ги разбирам, треба да значат пред се, стимулирање на науката за јазикот и доследна примена на нормираниот литературен јазик во службена и јавна комуникација.

Според тоа, со членот 1 од Предлогот на законот се регулира употребата и заштитата на јазикот. Меѓутоа, унапредувањето и збогатувањето на јазикот се категории што не можат да се регулираат и претставуваат предмет на дејствување на повеќе субјекти. Бидејќи државата преку свои институции и инструменти со кои располага може на соодветен начин да го стимулира,унапредува и збогатува јазикот. Значи, може да се регулираат формите, инструментите и механизмите за унапредување и збогатување на јазикот. За што членот 1 се остварува во смисла или некој сака да го толкува тоа, потребни се попрецизни формулации.

Веднаш го гледам реагирањето дека меѓу двете фази тоа е постигнато и усогласено. Но, сепак, усогласувањето бара доформулација на предвидените ставови во реализација на бараната цел за употреба на македонскиот литературен јазик.

Членот 2 сака да воспостави рамнотежа и прави напор да утврди дека македонскиот јазик и неговото кирилско писмо се духовно и културно богатство од посебно културно - историско значење.

VIII/7.-

Меѓутоа, според нашата пратеничка група не е доследно Делумно користење на членот 55 и 56 од Уставот. Не се почитува саканата цел и определбата ни добива декларативен карактер.

Меѓутоа, членовите 3 и 4 од овој закон доследно ги интепретираат споменатите права и слободи од уставот со кои нема ограничување на правото на слободно творештво и развивање на културниот, јазичниот и верскиот идентитет и правото на службена употреба на јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа.

Членот 5 со оглед на тоа што во некои од формите на употребата на јазикот се нормирани во други закони, како што е за трговски друштво за радиодифузна дејност, за основно и средно образование, за органите на управата и во меѓународните договори и тн, неопходно е да се споредата и да се усогласат со тие норми.

IX/1-НН/лј

**МИРКО ТРИФУНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако се смета дека со овој член се опфатени сите сфери во набројувањата на последната алинеја и други слични случаи преставува широк и неопределен поим. Меѓутоа, збунувачки делува вториот став од член 5 дека ќе се прават исклучоци на овој член, што сака да се каже дека веќе може да се прават измени и отстапки во овој закон кој денес го утврдуваме. Јасно ќе порачам не може да има исклучоци од употребата на македонскиот литературен јазик во службена и јавна комуникација.

Членот 6 е преопширен, нема адекватна прецизност и повеќе ми личи на програмски документ. Сметам дека дел од наведените активности во точка 13 би можеле да бидат прецизно определени за работата на Советот.

Што се однесува до составот на Советот назначен во одредбите на членовите 8 9 и 10, кој треба да биде составен од претседател и осум член ови од редот на истакнати поединци од областа на културата, науката и образованието треба да се прецизира - од подрачјето на јазикот, затоа што како што е предложено се добива широк простор за избор и растегнување на надлежноста на Советот.

Ќе завршам со осврт на член 12 каде само начелно се определува вршењето надзор од страна на Министерството за култура. Ваков став не дава основа за практична реализација на управниот надзор а особено не се врши инспекцискиот надзор. Ако овој член подразбира формирање посебна инспекција во Министерството за култура дали е тоа простор за проширување на трошоците и на така ограничените средства во Буџетот.

Сметам дека ги изнесов причините и размислувањата за овој закон. од големо значење за Република Македонија кои наредниот период треба да ги оствари посакуваните цели и задачи. Моја цел беше конструктивно да се придонесе и во оваа фаза и да се појаснат некои недоследности и покрај забелешките.

Пратеничката група на социјалистичката партија ќе гласа за усвојување на овој закон.

IX/2

Пратеничката фупа на социјапистичката партија ќе гласа за усвојување на овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани предлагачи на законот. Уште во почетокот треба да се наведе фактот дека употребата на јазикот во еден поширок опсег каде се опфаќаат сите сегменти на животот недвосмислено е едно комплексно прашање особено ако тоа прашање треба да се уредува со законот, односно ако во тој закон треба да се инкорпорираат и јазиците на пошироката заедница т.е. јазиците на немакедонското население во Република Македонија.

Секако, се знае дека ваков еден закон кој денеска е на собраниска расправа веќе беше во процедура на 78 - та седница на Собранието на Република Македонија, но со еден друг наслов. По барање на пратеничката група на партијата за демократски просперитет предлог законот за македонски јазик токму поради комплексноста на прашањето, недоследностите, слабостите и непрецизностите, поради прикриените намери на предлагачот да го фаворизира еден односно македонскиот на штета на другите јазици во Република Македонија, пред се на албанскиот се постави за разгледување во две фази, поради евентуалните корекции кои би настанапе" со предлозите и корекциите, а не по скратена постапка како што беше предвидено. Не е на одмет да се присетиме дека во функција на првата расправа составен дел на Предлогот на законот станаа и амандманите на Комисијата за култура, кои амандмани од таа комисија го променија и концептот на законот. Тогаш не се знаеше точно за што се работи, за Закон за македонски јазик, за закон кој ќе го заштитиме македонскикот литературен јазик или закон што е денеска пред нас за службена употреба на македонскиот јазик. Затоа, од страна на предлагачот тогаш беше прифатено овој предлог на закон да оди во две фази со намера сите заинтересирани страни да добијат можност да

дадат предлози по овој закон, како на крај би се донел еден закон со кој граѓаните на Република Македонија би се третирале на ист начин односно би ги избегнувале сите детерминанти на дискриминација на едните или на другите. Меѓутоа, за жал треба да констатирам дека и втората фаза на овој Предлог закон кој се наоѓа пред нас денеска со променет наслов и со променета содржина на текстот, прифатени се само предлозите и забелешките на Комисијата за култура, додека другите забелешки пред се дадени од пратениците на Пратеничката група на партијата за демократски просперитет воопшто не се прифатени. Дури, не прифатливоста во мапа доза има и примеси на ароганција кога во образложението на предлагачот се вели "повеќето од изнесените забелешки што не се прифатени произлегуваат од неправилното разбирање на предложениот текст односно целта на донесување на законот".

Анахроно произлегува и и објаснувањето дека утврдувањето на литературниот облик на јазикот во принцип се врши во државите во кои тие јазици се утврдени како службени јазици на државата. Притоа, создавање услови во различни држави, различно да се утврдува стандарден литературен облик на ист јазик биле непозната практика, што не е точно. Оттука, произлегува и намерата да не се прифати предлогот со кој овој закон ќе ја уреди и употребата на апбанскиот јазик, па и тоа што концептот на овој закон бил единствено да се уреди правилната употреба на македонскиот јазик како службен јазик за целата држава преку неговата заштита, збогатување и унапредување, додека употребата на јазиците на националностите од аспект на нивната заштита се остава да се уреди со општи акти на единиците на локалната самоуправа. Секако, едно вакво образложение на концептот на заштита на еден единствен јазик претставува политички дискус што не е прифатлив за пратеничката група на Партијата за демократски просперитет од едноставна причина што предлагачот како и досега, па и овој пат намерно или ненамерно прави очигледен привид кога своите аргументи ги оснива на членот 7 од Уставот на Република Македонија, а овој член и тој став ја регулира службената употреба на јазикот, но никако заштитата на македонскиот јазик.

IX/4

Предлагачот од него познати причини после ставот 1 од наведениот член не ги чита и ставовите 2 и 3 од Уставот со што се н дали предлагачот сакал законот да биде против Уставот. според член 7 од овој Закон не го ограничуваат правото употреба на јазиците на националностите во единиците на самоуправа, согласно Уставот на Република Македонија тогаш прашањето за законско регулирање, односно употреба, заштита и унапредување во овој случај на апбанскиот јазик се остава во немилост.

Сакам да потсетам само едно. Ова Собрание пред некое време донесе и закон за кривична постапка каде е предвидена употреба на јазиците на националностите не само преку преведувачи, туку и преку преведување на сите писмени докази и одлуки. Оттука, сериозно произлегува едно прашање, прашање до предлагачот. Дапи тие одлуки преведени на јазикот на националностите треба да се лекторираат, како што ке се лекторира сите доказни материјали на македонски јазик. Значи овој закон им дава право да се лекторираат само на македонски јазик, а каде со закон се регулира, имаме пример со Законот за кривична постапка, значи таму без никаква контрола, значи еден дел на граѓаните на Република Македонија се дискриминирани. Сасмо еден од безбројните аргументи што ги имаме е овој.

Според тоа, очигледен е фактот што законодавецот преку уставна форма злонамерно манипулира со зборовите " во службена употреба". Притоа, сака да го минимизира апбанскиот јазик во сооднос со институционално мајонизираниот македонски јазик и неговото кирилично писмо. Оттука, произлегува и заклучокот ако Република Македонија со посебен закон како што е и овој закон што ја уредува и заштитува службената употреба на Македонскиот јазик врз основа на членот 7 од Уставот на Република Македонија ќе треба таа иста држава, Република Македонија да го почитува уставното задолженија и да ја регулира заштитата и службената употреба на албанскиот јазик со посебен закон. Значи, во принцип не сум против овој закон што ја регулира употребата на Македонскиот јазик ако се пристапи и кон заштитата на јазиците на националностите односно на албанскиот јазик, бидејќи ако сме со Уставот рамноправни тогаш и јазикот соодветно треба да ги заштити како и македонскиот јазик.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Димитар Трпеноски

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, мислам дека добро е што разговараме за донесување на еден ваков закон и јас сум обземен сочувството за неговата потреба, од негова заштита како сопствен однос према државата, према културните дејци и творци кои што се грижат за неговата правилна употреба и особено за неговата употреба на територијата на државата. Кога го зборувам ова мислам дека на секој му е јасно дека јазикот го покажува идентитетот на народот, го покажува идентитетот на етничките групи, меѓутоа, кога зборуваме за јавната употреба и зачувување на македонскиот јазик ние треба да мислиме дека зборуваме истовремено и за македонскиот народ и за македонската држава, бидејќи и народот и државата се препознава преку јазикот. Според тоа, неспорна е уставната определба дека територијата на која што се простира јазикот е идентична со територијата на државата во неговата јавна употреба. Секако, дека за секој еден народ и за секоја една држава се знае што претставува јазикот, каде што тој се ствара, се креира е негово, дека главната ризница на креацијата, опстојот и развојот на јазикот е духовната свера или мапата држава на духот и дека културните дејци се тие кои што со својата макотрпна работа не дозволуваат да згасне духовното богатство кое се пренесува со јазикот. Значењето на јазикот е големо затоа што низ особеностите на јазикот, низ неговите идиуми, низ синтаксата на јазикот односно неговите реченици и нејзините составни делови ние учиме да се изразуваме, да мислиме, да креираме и да комуницираме. Важноста на јазикот се состои и во ова што преку јазикот и мртвите комуницираат со денешницата односно со денешните генерации, однсоно дека сите духовни творби

останувaат живи и засега и за генерациите. Според тоа, овој закон, мислам дека е од огромно значење, и се спротивставува на секој определба на амутирање на одредени територии на државата на јавната употреба на македонскиот јазик, затоа што тоа во суштина преставува и амутирање на целовитоста и интегритетот на државата. Од тие аспекти поддржувам донесување на еден закон за заштита на употребата на македонскиот јазик во неговата јавна комуникација во целокупната државна номенклатура и во целокупната територија на државата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дин потпретседателе, дами и господо пратеници.

Навистина овој закон некако преставува една интересна тема за сите нас бидејќи кога станува збор за јазикот секој е заинтересиран да се заштити на еден начин, секој јазик во секоја средина, меѓутоа, предлагачот кога го предложил овој закон, изгледа идејата на предлагачот е промашена бидејќи јас не верувам дека во овој момент македонскиот јазик во оваа средина е загрозен и токму од овие причини не би било потребно исклучиво да се донесува еден закон како што е питулирано - Предлог закон за употреба на македонскиот јазик.

Ние знаеме дека голем дел на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се немакедонско население и исто така и граѓаните кои се немакедонци треба да ги уживаат истите права, бидејќи со Уставот многу јасно и децидно се знае како е решена оваа проблематика, меѓутоа, еден од дискутантите рече дека со посебен закон ќе се регулира и правото на употребата на јазиците на националностите.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (продолжение)

Ние до каде вака ќе ги решиме проблемите? Пред една година донесовме закон за Педагошкиот факултет, кој Закон исклучиво гласи за решавање на дел од Високото образование за националностите. Некако секогаш со многу закони се избегнува од решавање на проблемите онака како што треба. Донесовме закон за Педагошкиот факултет кој Закон исто така беше во една смисла дискриминаторски, бидејќи со Законот за Високото образование би требало да се реши тој проблем целосно генерално меѓутоа, тоа е направено. Исто така и со овој закон сега се уредува само еден проблем, само проблемот на Македонскиот јазик, а на Албанскиот јазик проблемот останува отворен. Јас не очекувам и не верувам дека ќе се донесе закон, посебен закон кој ќе ја регулира оваа проблематика и за Албанскиот јазик. Предлагачот исто така по членот 1, 2, 3 и 4 каде се одредбите на овој Закон, јас само ќе го прочитам ставот 2 од членот 2: Републиката ја гарантира употребата на Македонскиот јазик. А што ќе прави со Албанскиот јазик, кој ќе ја гарантира? Дали Министерство за култура водел сметка и задругите граѓани. Во конкретниот случај ако Републиката ја гарантира употребата на македонскиот јазик, тогаш значи Албанскиот јазик, турскиот, или ромскиот, никој не ја гарантира.

По овој став на овој член воопшто нема никаква логика и затоа да се дискутира подетално за овој Закон, по конкретно. Но, понекогаш јас проблемот го гледам кај Министерството за култура, исто така и кај Министерството за образование и кај многуте министерства кои создаваат такви проблеми без потреба во Парламентот, наместо овој проблем да се реши со еден закон, со два-три члена можеше да се реши целата проблематиката во РМ, оставил простор и не ја решил

целата проблематика не ја решил моментално и така создавал конфузија и до каде ние вака ќе работиме и зошто вака? Јас мислам дека Министерството за култура со овој закон навистина не покажал никаква сериозност, а зошто тоа го направил јас не знам. Кај мене уште постојат дилеми не можам да дадам одговор.

Што се однесува до образложението, предлагачот се повикал на заседанието на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година. Точно е тоа дека ако го гледам од историски аспект проблемот треба д асе повикаме од Првото заседание на АСНОМ кое беше одржано во Манастирот Св .Прохор Пчински. во тој Манастир не се одлучи само за Македонскиот јазик, само за македонската култура, само за Македонците, туку се одлучило за граганите на тогашна Социјалистичка Република Македонија. Ние треба да знаеме барем со првиот Устав на Социјалистичка Република Македонија сите занеме каков третман имал Албанскиот јазик. Постојат документи кои денеска се наоѓаат во разни архиви на Република Македонија. По тоа не може никој да избегне, ниту Министерството за култура, ниту ниедно министерство па ниту Владата. Никој нема против тоа да се заштити Македонскиот јазик. Македонскиот јазик не е загрозен денеска. Ако се загрози македонскиот јазик во РМ, ќе се загрози од Македонците, а не од немакедонските граѓани. А тука се загрозени другите јазици, загрозен е албанскиот јазик. Ние ја знаеме оваа проблематика. Уште еднаш повторувам, знаеме каков третман имал албанскиот јазик по ослободувањето. Тоа може да се види господо од Министерството за култура по сите документи од 1945 година наваму. И затоа овој Закон како што е дефиниран јас сметам дека не е на тоа ниво што ќе ги задоволува сите потреби на Република Македонија.

Х/3.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, ние овој Закон го разгледувавме во I фаза. Сеуште се свежи и примедбите и мора да се поздрави големото ангажирање на Комисијата за култура која што на овој Закон му посвети соодветно внимание и веројатно придонесе овој закон да довие во својот квалитет. Прашањето на потребата илузорно е да ја објаснуваме, се договоривме за тоа. Но, во Законот не се нагласени повеќе дејности, повеќе начини како ова употреба, со право реагираат некои пратеници да биде апликативна и да биде конкретна. Ја се сеќавам на прекрасни дискусии од I фаза кога со примери на употреба на странски изрази и зборови итн. се укажуваше на опасноста да не станеме заробеници и го осиромашиме и овој сегашен македонски јазик. Прашањето е што во овој Закон повеќе се насочуваат активности, по- веќе се даваат ингеренции на Советот, а малку се размислува и е да речам конкретно и таксативно прикажано како реално и ефикасно овој Закон да се реализира. Сигурно дека оснвоата на приемната на овој Закон мора да биде во неговата компатибилност со повеќе закони за да преставува една целина пред се со Законот за култура, со Законот за предучилишно, основно, средно и високо образование, Законот за радиодифузија, со Законот за македонска радио телевизија, со Законот за локална самоуправа. Ова се само неколку закони кои што мора да бидат комплементарни, или обратно овој Закон да биде покомплементарен, затоа што е по нов и е по свеж и можеме во него да интервенираме. Прашања кои што недоволно се разјаснети оставаат елементи дали тоа ќе се решава со некои

подзакоснки акти и прописи веројатно е прашање на концепцијата на Министерството за култура. Нас овој Закон ќе ни биде товар ако ние утре се судриме со негова примена и негова операционализација. На пример, медиумите како водечки кои што треба да дадат свој придонес, ние денеска имаме медиуми од локален карактер каде што и логото, фирмата на тие медиуми е на латинично писмо, или со странски израз. Многу емисии на овие медиуми не се преведуваат, не се титлуваат, затоа реков компатибилно со Законот за радиодифузија, ингеренциите на Советот за радиодифузија. Јас не случајно пред скоро време барав преку информација Советот за радиодифузија да не информира за досегашните активности за да потоа се разбира од него побараме и му придодадеме низа други активности кои што согласно со овој закон ке мора да ги чини, да ги контролира и да ги посочува. Ние од една страна зборуваме за употреба на македонскиот јазик со атрибути на службен јазик што е неспорно. Од друга страна ние во праксата правиме спротивни работи. Фондот на македонски јазик по основ на образование на националностите е намален, елиминиран е во прво и второ одделение можеби ќе има интенции за негово намалување и понатаму. Значи веќе еднаш една огромно контрадикторност. Законот за педагошка евиденција не е во согласност со Уставот. Ние го елиминиравме тука без право и очекувам дека во најскоро време ќе мора во таа насока да се направи одредена исправка и интервенција.

Прашањето на македонскиот јазик во македонски средини надвор од државата воопшто не е прецизно одредена, како, што, кој ќе одвојува средства, кои се тие средини горе, долу, затоа што ние имаме загрижувачки информации дека не дека не се употребува тој Закон, туку не се знае веќе. Значи ние се оддалечуваме од тоа што е определба,

примена, употреба на литература, условно земено македонски јазик и неговото кирилско писмо. И сето ова ако не претставува предизвик за најкомпетентните да пријдеме заеднички во приемната на овој закон, само Советот не ќе може да го реализира. Ќе ве потсетам на една убава работа која што овие денови ја прочитав а тоа е следното, дека во електронските медиуми во Франција обврска е во музичката програма, значи на музичкиот дел 40 до 50% да биде застапен со француската шансона. Сигурно не случајно не треба повеќе објаснување. Ние не сакаме да прифаќаме она што се

случува, туку едноставно права, права, меѓународни конвенции итн. Мислам дека Комисијата донела убав заклучок. Сега ќе оди овој Закон за службениот македонскиот јазик, а понатаму во наредна фаза ќе се обрне внимание. и на јазиците на националностите. Никој нема против дури условно земено ќе нема примена овој македонски јазик ако не се применуваат правилно и јазиците на националностите, затоа што тоа се комплементарни јазици во многу средини и претставуваат права и со Уставот и со Законот за локална самоуправа. И најважното, наброени се сите случаи, сите примери. Јас ќе ги посочам само оние кои што се наше секојдневниве, фирми, натписи, реклами, пропаганда, наше секојдневно опслужување.

Во казнените одредби стои само санкции за правните лица. Ова се физички лица. Кој ќе ги обврзе сега овие субјекти и како ќе ги обврземе во услови на една американизација, европеизација на странски фирми и изрази кои што се наше секојдневние. Што во таа насока и како? Дали оригиналноста на тие фирми, нивната светска улога мора да се признае, или пак ние нормално ќе одиме стрикно со овој закон. Мислам дека ова се работи кои што се многу чувствителни и ќе мора на овој план

веројатно со дополнителни подзакоснки акти и прописи да биде регулирана потребата на македонскиот јазик.

По прашањето на лекторите, мислам дека од една страна имаме строги критериуми, се бара стрчен испит, се бара докторат. Видов има амандман за магистратура, а од друга страна се дава право на Човекот да дозволи таа функција да ја вршат заслужни граѓани. Многу широко, многу необврзувачко. И како посебен пример за размислување на оваа насока сметам дека доволно е Филолошкиот факултет, македонски јазик затоа што веќе имаме за жал негативни примери како што е ова што ќе ви го изнесам дека единствениот лектор со македонски јазик, се разбира со Филолошки факултет, во Тетово врачено му е решение за отказ во единицата на локална самоуправа. Донесуваме закон за употреба на македонскиот јазик, единствениот лектор го оставаме без работа. Ова беа само мои напори да укажам дека секој закон ако не биде прилагоден, ако не биде конкретизиран ќе не доведе не до непријатни, туку до состојби кога ќе се чувствуваме навредени и ќе бидеме понижени дека еден ваков закон не ќе биде во функција.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Јас мислам дека својата идеја за донесување на законот и самата содржина може и пошироко од сите нас и помирно да се прими и помирно да се толкува. Имено јас мислам дека има потреба за донесување на овој закон со ваква содржина каква што е изнесена, можеби со одредени модалитети кои можеле да бидат вградени досега. Но, свесен сум дека е мината таа фаза и денес најверојатно тешко е да се очекува дека нешто битно може да се измени. Меѓутоа, мислам

X/7 . -

дека овие укажувања кои што инсистираа некои од колегите да се сфати дека заштита и употреба на јазиците особено правилна, литературна итн. е потреба пошироко пред се на македонскиот јазик, но и на другите јазици кои се употребуваат. И според нормативите наши што сме ги донеле и кои се во јавна употреба во одредени подрачја, услови така како што се одредени со закон. Мислам дека овие укажувања треба да се земат во предвид и при донесување на посебните закони, а евентуално и за потреба за донесување на посебен закон за јазиците на националностите во Републиката. Бидејќи не би можело едно такво подрачје да остане непокриено. Еве овде се спомнаа некои примери, а можеме и други да спомнеме, а невозможно е да остане монојазичност во таква монолитност и монописменост во смисла кири- лица со оглед дека интегративните процеси со Европа ќе ни наметнат некои други поведенија во јавните одразувања и на фирмите и на поединците итн. кои што објективно и во целиот свет така постои вообичаено и со норми одредено дека може и на инаков начин некои јавни објекти да се одбележат итн.

XI/1 ЛП/ЛБ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (продолжение)

Второ, би сакал да ја осудам тезата од некои мои колеги дека македонскиот јазик не е загрозен. Напротив, јас сметам дека е потребно да се донесе законот покрај другото затоа што сеуште има тенденции за загрозување на македонскиот јазик. Мислам дека затоа тоа е наша заедничка должност таков закон за заштита и употреба на македонскиот јазик да донесеме. Сега не сакам да елаборирам зошто, но тоа е факт и тоа треба сите да го имаме предвид и да биде интерес не само на македонците туку на сите што сме тука , па и пошироко, на сета наша јавност.

Трето, сака да го кажам следното мислам дека во наши услови малку се користи, а не е лошо сега да посочам за министерство за образование и за култура верувам дека посебно би било од интерес, понекогаш кога се донесуваат овие норми да се консултира меѓудржавниот договор меѓу Унгарија и Романија околу прашањата врзани за оваа проблематика за која денес расправаме, но и за друго. Јас не го кажувам тоа за да биде пример за евентуален некој таков друг меѓународен договор. Тоа може да биде наш внатрешен договор. Но мислам дека е добро да се консултира таа идеја. Тие идеи што^ се внесени таму имаат одредени вредности цивилизациски, а меѓучовечки и мислам дека таму во таа земја внесоа доста релаксација, која беше доста заострена особено меѓи 1990 и 1991 година, па сакав само да сугерирам дека не би било на одмет, покрај овие познати меѓународни норми и тн. и тој договор, таа конвенција да се има предвид затоа што лично ценам дека има доста вредности во него и во таа смисла сметам дека треба да се поддржи законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благоја Стефановски.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

И првиот пат кога беше предлогот за донесување на закон за употребата на македонскиот јазик јас говорев и сигурно овој пат немаше да земам збор бидејќи неколку пати почувствував потреба со тоа што беше спомната Комисијата 'за култура од почитуваниот Вејсели чинам дека беше, почувствував потреба да кажам неколку реченици и да ја кажам намерата зошто Комисијата за култура ги даде тие амандмани и зошто сега даде поддршка на овој закон. Сигурно ми е многу полесно да говорам после г-динот Хисен Рамадани, затоа што има таков начин на изразување од оваа говорница, има многу надеж сите позитивни закони да бидат донесени во оваа држава. Од едноставна причина, ако една држава која се вика Франција има големо говорно подрачје, а знаете колку други земји го користеа и го користат францускиот јазик, најде за потребно при широкиот замав на англискиот јазик да се заштити. Една мала земја како гато е Република Македонија некој слепо да гледа дека македонскиот литературен јазик е загрозен, тоа значи нешто кое може да прозвучи или како лоша намера или како заслепеност ете благо наречено од некакви партиски интереси. Друг збор на оправдување не би можел да најдам.

Сакам да кажам на Комисијата за култура, во која учествува и почитуваниот потпретседател на Собранието на РМ г-динот Мурати, се договоривме заедно со Министерството, со министерот за култура да ја согледаме и потребата за заштита и на јазиците на народностите. Зошто тоа до денес не е направено? Од едноставна причина бидејќи сметаме дека јазикот на народностите има поголеми ете да кажеме подрачја говорни кои го говорат и сигурно и заштитата и употребата ја правата на најдобар начин преку таа литература преведена на албански јазик, кој

ете моите колеги од Театарот на народностите, албанската, турската драма, Театарот на роми кој што денес егзистира во Милхам-Германија го говорат и преводот се прави оригинален од англиски јазик се прави на албански, турски или на ромски јазик. Да не говорам за српскиот јазик, во овој момент помал број живеат во Македонија, меѓутоа, Србија сигурно го прави тоа на најдобар начин и во тој домен сигурно не можеме да говориме за загрозеност на тие јазици. Но ако тоа треба да се направи, не гледам зошто ние македонците би биле против. Напротив. Од таа страна можеби треба да се лиши овој јазик од такви некакви политички импликации кои можат да ја отежнат работата на нашето Собрание.
Многу е битно да кажеме дека без разлика од се она што е опкружување, кое во многу нешта една соседна држава и го прави тоа со оспорување на јазикот, со оспорување на идентитетот и државата и се она што не прави ние да бидеме горди, не грижата на самите македонци кон својот јазик прави ете денес, кои ете по трет пат кажувам на овие врати според моите сознанија за да се направи таа заштита , за да јазикот не само што се надоградува туку веќе е во опасност на некој начин кој во поголем број на напливи не само на луѓето од опкружувањето кои имаат лоши намери. Ако сакате и со напливот на англискиот јазик со она што значи кога ќе погледнете по улиците под тие фирми, по она што во еден момент може да биде интересно и да се говори мешано англиски, француски и напливот на овие големи јазици, тоа прави овој јазик да биде загрозен. Затоа, ние мораме да се грижиме , за тоа нас не обврзуваат генерациите кои беа пред нас. Тоа едноставно ние не смееме да го правиме.

Да се вратам и на тоа кога говорев за таа литература, таа литература која е преведувана , која според Законот за култура

ја сметам исто дека од таму треба да се најдат тие извори дека многупати преводот на тие оригинални текстови на англиски, француски и др. светски јазици се правеа од друга позајмена литература. Ние немаме превод на оригиналната литература првично од англиски веднаш на македонски. Има сега во ретки случаи во последно време. Пред тоа се користел некој друг јазик од опкружувањето и тоа го прави она да се губи убавината на нашиот македонски јазик.

Од тие причини како човек се чувствувам одговорен да дадам придонес да се прави тоа, да влезе во свеста. Мене најмал проблем ми е и јас се согласив со некои мои колеги и мислам дека она инспекциското колку тоа ќе биде и како ќе биде, мене како уметник , како човек не ме интересира. Едноставно на овој начин свеста кај секој граѓанин на Македонија на македонците да си го чуваат својот јазик и во крајна линија и на тие наши македонци кои се во дијаспората, каде што ете никој не води грижа, немаат ниту таква литература достапна до нив, да се погрижиме да го заштитиме бидејќи во секој случај ако тоа и во овие денови не се направи , сигурно вината не можеме постојано да ја бараме во нашето опкружуваше и во некои луѓе што постојано ни мислат лошо.

Од таа причина, мислам дека колегите албанци, роми, турци, срби, нема ништо лошо во тоа и апсолутно на таа страна треба да се избегне таа дискусија, едноставно тоа не е добро. До колку ги прочитате добро овие закони, заради некаков правен аспект некој може да кажува дека членот 3 не е доволен, дека одредбите на овој закон не го ограничуваат правото на слободно творештво, на развивање на културниот, јазичниот, верскиот идентитет на граѓаните на Републиката и уште некои други, тоа доволно зборува. Меѓутоа, ако се постави такво прашан>е, ако се покаже дека е потреба за заштита, покрај тие големи јазични подрачја во земјите во кои се говори на овие јазици кои ги спомнував, не би било никаква

табу тема и тоа да се направи како предлог на Министерството за култура. За таа тема веќе имаме следна средба меѓу значајни претставници кои можат да присуствуваат и да се договориме едноставно да нема некакви префрлувања на работите и да нема некакви затскриени работи. Ако зад овој Закон има затскриени работи, тогаш мислам дека е илузорно да говориме за она што веќе ни е нешто кое го имаме како усвоена реплика од овде, соживот и некои други нешта. Значи, ве молам мислам дека треба да ги избришеме како разговор.

Бидејќи г-динот Вејсели и другите не се тука присутни се јавив да го кажам тоа затоа што веројатно ќе заврши расправата. Утре можеби ќе биде гласањето или вечерва ако имаме кворум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Мислам дека Предлог законот за употребата на македонскиот јазик не треба да се свати како едноставен предлог закон. По мое мислење, законот е комплексен и сложен. За тоа, не треба така површно да се поминува овој закон, туку напротив треба во расправата да учествуваме со голема одговорност и коректност. По повод овој Предлог закон ние дадовме доста забелешки и кога зборувавме, кога беше поставен овде на дневен ред дадовме доста забелешки. Колку што гледам сега , дадените забелешки не се земени скоро воопшто предвид. Пред се јас имам некои општи забелешки, почнувајќи од предлагачот. Предлагач, односно претставници на Владата, министерот за култура, потоа пак заменик на министерот за култура, потоа помошник на министерот за култура, значи сите од областа на културата. Сите ние сме свесни за тоа што значи

категоријата култура и што е наука.

Во однос на ова прашање јас мислам дека во однос на овој предлог на закон не се вклучени најдобрите структури, најповиканите структури кои треба да дадат квалификувано мислење и адекватно мислење во однос на прашањето за употребата на македонскиот јазик. Ние што дискутираме за најсложените прашања за употребата на македонскиот јазик, слободно можам да кажам дека повеќе зборуваме не од аспект на стручност туку можеме ние да предлагаме и да зборуваме како аматери на македонскиот јазик. Кога зборуваме за македонскиот и за литературниот јазик денес, зборуваме како македонскиот јазик да почнува денес да се употребува во службена употреба и како да овој Закон не се обработил повеќе , да не зборувам дека народот постои знаеме од секогаш, но вака во службена употреба и во држава Македонија и кога беше Република во рамките во поранешна Југославија, ние знаеме дека овој јазик постоеше, односно и денес постои,меѓутоа, некои изрази и некои праграфи и во некои членови ние зборуваме македонскиот јазик како да почнува денес да се употребува како службен јазик во овој Парламент и пошироко.

Кога зборуваме за употребата за македонскиот јазик, ние треба да ги имаме предвид личностите било тие што се покојни или пак академците кои се живи и денес и кои ја познаваат суштината и духот на македонскиот јазик. Разгледувајќи го овој Предлог закон, по мое мислење гледам дека не се консултирани најеминентните институции, а ако се консултирани можеби само формално, инаку во самото образложение ние требаше да имаме еден јасен концепт за тоа, да знаеме во кој случај се ризикува и каде се ризикува македонскиот јазик, Во самото образложение ние немаме преглед на тоа каде се ризикува македонскиот јазик и во кои случаи се ризикува македонскиот јазик.

Јас би рекол вака: За македонскиот јазик денес не претставува од во самата држава во овој Парламент и во нашите средини во границите на оваа држава не се ризикува. Ако се ризикува од друго нешто тоа е друга работа. Меѓутоа, ако мислиме дека се ризикува ние треба да ги наброиме сите случаи, каде и кога како се ризикува за да можеме да го браниме јазикот и тоа не со употребата на силата, туку со употребата на аргументите, со употребата на научните знаења и со употребата на личностите, значи со јазикот на аргументите и со институциите кои институционално се бават со оваа проблематика. А кои се тие институции? Јас и минатиот пат реков дека јазикот ние не можеме да го чуваме со членови и параграфи овде што ги донесуваме. Ако се работи за тоа македонскиот јазик да треба да се совладувам, а јас мислам дека треба да се совладува не поради тоа што некој параграф овде ќе ми наметне мене дека јас треба да го знам македонскиот јазик ,туку треба да го знам затоа што чувствувам духовна потреба да го знам овој јазик. Со такви параграфи кои предвидуваме казни од 200 илјади денари за тој што ќе погреши, што ќе направи некоја техничка грешка или ќе му се одземе компјутерот или машината за пишување и други средства, јас незнам вака можеме да стасаме до одредена цел. На тој начин незнам дали ќе се добиеме нешто.

Јас мислам дека јазикот се чува, јазикот го чуваат го негуваат институциите, а пред се најповикана институција во РМ тоа е Академијата на науките. Јас незнам дали ние имаме, односно ние немаме некој материјал од Академијата на науките или Институтот за проучување на македонскиот јазик или пак од страна на катедрите каде што се изучува македонскиот литературен јазик и стандардниот јазик. Ми се чини дека овој Предлог закон повеќе е површен, само сакаме да

донесеме закон поради тоа што треба да има закон, а не поради она што ние имаме некоја долга анализа, да се консултираат најеминентните личности од типот на Блаже Конески и Славко Јаневски и др., кои го познавале или го познаваат духот на јазикот, затоа што знаеме дека јазикот е жива материја.

XII/1 ДВ/1

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Другата работа е тоа што ние секогаш пред овој Парламент настојуваме секогаш да донесуваме парцијални закони. Ние овде расправаме за еден закон, а од друга страна востановуваме една друга проблематика што исто така е осетлива, а ако постои добра толеранција од наша страна, значи, со овој закон постои можност проблематиката што се однесува до јазиците на националностите, во конкретниот случај за албанскиот јазик, може тука само со еден член да се реши тоа прашање. По овој повод јас сега се прашувам дали треба да се заштитува, ако е ризикуван македонскиот јазик кој што ги има сите институции кои што го развиваат јазикот, како ќе се сочуваат јазиците на народностите, посебно албанскиот јазик кој што немаат свои институции, немаат никакви институции каде што се проучува јазикот. Или, во конкретниот случај, дали ние ќе го оставиме на страна тетовскиот универзитет, сакале или не сакале да признаеме таа е реалноста, каде што денес студираат 4.000 студенти. Г-динот д-р проф.Фадил Сулејмани побарал од двата универзитета во Скопје и во Битола професори, јазичари, тие да доаѓаат и да се вклучат во универзитетот. Значи и таму се негува јазикот. Сакале или не сакале тие луѓе сакаат да го проучат македонскиот јазик. Заправо, историјата на македонскиот јазик се учи на универзитетот во Скопје. Но, дали може ние вака индиферентно да се однесуваме, тие 4.000 млади таму да ги оставиме и тие да не го изучуваат македонскиот јазик така како што треба. Дали треба ние така индиферентно да се однесува спрема еден таков проблем.

После овие јас имам и други забелешки.

Кога реков дека тука има претставници од Владата само од на културата, јас се прашувам зошто да нема претставници односно зошто

овој закон не го зеле да го обработуваат луѓе стручни по професија, луѓе од МАНУ или пак Институтот за проучување на македонскиот јазик, катедрата за македонскиот јазик итн. Мене ми се чини дека Министерството за наука е многу поблиску, јас не го негирам тоа дека се потребни луѓе и од областа на културата, меѓутоа, на мислење сум дека Министерството за наука е поблиску, односно предлогот на Законот за употреба на македонскиот јазик.

Јас незнам ние сега како дојдовме до некое ново откритие дека македонскиот јазик е духовно богатство од посебно културно и историско значење за Републиката. Зарем тоа сега го знаеме. Дали оваа компонентна и тоа што се наведува тука, дали важи само за македонскиот јазик. Дали тоа не важи и за другите јазици.

После оваа категорија овде кога се наведува дека, јас не го негирам тоа, дека тоа не е во корист да се проучува односно заштитува јазикот, стандардниот македонски јазик, да се изучува од сите граѓани на РМ. Меѓутоа, граѓанинот овој закон, па дури па и по други закони што често пати ние ги донесуваме во ова Собрание, често пати ние граѓанинот го сметаме како апстрактна категорија.-

Почитувани колеги,

Македонскиот граѓанин не е апстрактна категорија. Македонскиот граѓанин е конкретна категорија. Па која е таа конкретна категорија. Граѓанинот не може да се свати како бројка односно не треба, ниту пак апстрактна категорија. Кога ние зборуваме за граѓаните на Македонија мислиме на конкретниот граѓанин на македонската нација. Граѓанин, тоа е конкретен човек, конкретна нација.

Зборуваме за албански народ во РМ, или пак за националностите во РМ кои имаат свој јазик, своја култура, свое минато, имаат своја традиција, своја литература и тн. Значи, ако ние го респектираме граѓанинот како нешто конкретно, ние треба да го почитуваме и јазикот на тој граѓанин. Треба да ја почитуваме културата и се друго. Значи, одредбите на овој закон по однос на ова прашање не се коректни. Значи, кога зборуваме за македонскиот јазик како духовно богатство од посебно културно и историско значење за Републиката, треба да зборуваме исто така и за јазиците на националностите кои што исто така претставуваат духовно богатство. Значи, ако постои тука една минимална толеранција и волја, нема потреба овде да губиме многу време за да донесуваме посебен закон за употребата на јазиците на националностите.

Вие знаете дека парламентарната група на ДПА и јас бевме против донесување на Законот за употребата на јазиците на националностите во Педагошкиот факултет. Гледате и сега самите што се случуваат со тој факултет. Ние знаевме дека ќе дојдеме до таква таква ситуација таква што сме дојдено во тој факултет, и низа други посебни еднострани и парцијални закони. Значи, ние сами овде донесуваме закони и сами правиме поделба меѓу луѓето и меѓу Македонците, Албанците и другите националности. Затоа јас апелирам ние во иднина да не размислуваме да донесеме некој посебен закон за употребата на јазиците на националностите, туку тука има полно место каде во склоп на овој предлог закон може да се регулира и овој проблем, така да нема потреба ние да донесуваме посебни закони за македонскиот јазик, а посебен закон за јазиците на националностите,

Овде, можам да кажам дека предлагачот малку се однесува нарцисоидно кога на крајот вели, во самото образложение на крајот, кога вели дека повеќето од изнесените забелешки што не се прифатени произлегуваат од неправилното разбирање на предложениот текст односно целта на донесувањето на законот. Со ова се сака да се докаже тоа дека не постои друга можност за да се најде друга алтернатива односно решение односно со цел да не се земе предвид целата дискусија што се водеше овде кога зборувавме по однос на прашањето за предлог законот за  употреба на македонскиот јазик.

Мислам дека во буџетските средства учествуваат сите граѓани. Затоа придобивките треба да бидат на самите граѓани.

На едно место на страна 5 се вели дека предлогот е изготвен врз основа на пошироки консултации со истакнати поединци, компетентни институции од областа на литературата, лингвистиката, како и врз основа на консултирани искуства од повеќе европски земји. Често пати после секој закон се наведуваат такви работи, дури овде се набројуваат и држави што ние ги земаме како модел за донесување на вакви закони. На жал морам овде да кажам, ние кога земаме нешто за модел од другите држави, го земаме најлошиот модел. Не настојуваме, ако неможеме најдобриот модел, барем да земеме нешто што стои во средина.

Јас овде се прашувам, доколку ние донесуваме ваков закон како ќе се заштитува и негува албанскиоит јазик, кој ќе се грижи за тоа. Утре ќе се најде некој натпис или во новите општини натписите ќе бидат на тоа. Значи, на македонски може да се напише правилно, како што бараат правилата на јазикот, а на албански    и на другите јазици секако може,

па и погрешно може да стои. Тоа треба да се преведува. Зошто да не се заштитува со овие средства, форми и начини како што предвидува овде предлагачот, да се заштитува и албанскиот јазик. Некој ќе каже добро, не е толку важен.

Ние го знаеме членот 7 од Уставот на РМ дека македонскиот јазик е официјален, односно службен јазик. Овде и каде што треба и не треба се наведува тоа дека службен јазик е македонскиот јазик. Ние овде не донесуваме закон за употребата службена на јазикот. Ние донесуваме закон, што имаше еден предлог тука или амандман кој вели стандардниот македонски јазик, литературниот стандарден јазик што денес го имаат сите држави и цивилизирани народи на Европа и пошироко, а овде се земаат само некои членови кои се додаваат. Тие се додаваат само од формална гледна точка. На пример во член 3 се вели дека одредбите од овој закон не го ограничуваат правото на слободно творештво. Јас незнам што значи овој член,"одредбите на овој закон не го ограничуваат правото на слободно творештво и на развивањето на културниот, јазичниот и верскиот идентитет на граѓаните на Република Македонија". Јас не знам што овде тоа значи. Мислам дека на овој член не му е местото тука. Ако сакаме да го решиме проблемот ние само таму каде што во член 5 пишува "македонскиот јазик покрај употребата во органите на државната власт во органите на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, се употребува во..... " и се наведува, сега да не ве замарам со тоа да ги набројувам, го имате предлог законот пред себе. Зошто тука не додадеме само еден збор па да кажеме

македонскиот и албанскиот, а зошто не и на другите националности. Значи, покрај употребата во органите на државата и таму каде што е дозволено односно каде сега зборуваме за новите општини каде треба да се употребува, значи да биде во употреба или да биде јазикот официјален и албанскиот односно јазикот на националностите каде што живеат над 50% или пак повеќе од 20%. Значи, ќе го повторам ова што пред малку го реков, ако сакаме ние да донесеме еден закон, јас знам дека законот треба да ги задоволува, ако не сите до еден граѓанин, ние не можеме да апстрахираме сега една третина, тоа што е официјално кажано 1/3 од граѓаните, не македонци, да не ги задоволуваме и потребите и на другите и да не донесуваме пак ќе повторам, еднострани парцијални закони кои што утре или задутре ние пак ќе мораме да се вратиме како што сега ќе мораме да размислуваме за нов педагошки факултет. Не треба тоа да ни се случи. Затоа јас мислам дека овој предлог закон треба да се врати, ако не друго кај институциите кои што се стручно оспособени односно МАНУ и другите што ги спомнав, па ако треба да се бара помош и од други личности кои се компетентни, а не ние сега да фабрикуваме лектори и да ги казнуваме луѓето, бидејќи во еден параграф се предвидува овде, ако не се респектира правописот на македонскиот јазик може да се казни индивидуата дури и со 200 илјади денари. Од прилика тоа е околу 5.000 - 6.0000 ДЕМ, или нека биде 1.000 или 2.000 марки, или пак да му се одземе компјутерот. Се прашувам, ако човекот што направил граматички и јазични грешки, што не го негува

стандардниот македонски литературен јазик, ако тој има приватна фирма, ќе му се земе компјутерот. Ако работи во државен орган, како ќе се казнува тој, кој ќе му го земе компјутерот зошто тој не го респектира за употреба на македонскиот јазик. Значи, по мене, во овој предлог закон има доста дилеми. Затоа овој закон треба да се земе од најкомпетентни личности, добро да се обработи, и пак да дојде овде во процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Никој.

Бидејќи некој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Предлагам овде да ја прекинеме седницата, а со претресот по амандманите ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)